# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 септември 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,27 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по 69-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љупчо Георгиевски, Љубисав Иванов Ѕинго, Марјан Додовски, Весна Јаневска, Данаел Дончев, Оливер Шамбевски, Благој Зашов, Андрј Жерновски, Абдуљади Вејсели, Илинка Митрева, Теута Арифи, Фазли Велију, Али Ахмети, Арбен Џафери и Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме по втората точка - Предлог за избор на претседател на Комисијата за хартии од вреднсот.**

Продолжуваме со претрес по предлогот на Марина Наќева Кавракова да биде избрана за претседател на Комисијата за хартии од вредност.

Од реплики се повлекуваат скоро сите пратеници.

Благородна Цветковска има реплика, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Реплика имам на господинот Витанов, од кога за жал вчера очекував поголема реалност и отворенсот. Едноставно се согласувам со програма дека треба да има, а демагогијата и фалење за економскиот раст народот нека пресуди.

Дека имаме многу важен предлог за избор на претседател на Комисијата за хартии од вредност ни зборува колку се во салата присутни од парламентарното мнозинство. Празна сала, а зборуваме за многу значаен настан.

Пред мене гледам една кратка биографија за една госпоѓа Марина Наќева Кавракова, која е предложена за претседателна Комисијата за хартии од вредност. Едно сиви во кое се напишани доста податоци, меѓутоа повеќе една кратка биографија.

Прво, лично не ја познавам, но да бидеме искрени господинот Груевски ништо случајно не прави.

Ако таа пред тоа немала никакви партиски заслуги не би дошла на оваа функција да биде предложена.

Началник на одделението за внатрешни истраги во Царината; Советник на Даравелски; од 1999 година до 2006 година члена на Советот на Народна банка: во Извршниот комитет на ДРУМ, на Доста Димовска; Началник на одделението за внатрешни истраги во Царината и други партиски функции.

Колеги пратеници доста веќе со партизација во МВР, во спортот, во администрација, во образование, во сите сфери на општествениот живот, во сите пори на општествениот живот. Да не ја компромитираме оваа личност, госпоѓата, а има толку квалитет и кадар, има непартиски личности, дајте да најдеме професионално решение и барам овој предлог да биде повлечен. Затоа и јас нема да гласам за предлогот госпоѓата Марина Наќева Кавракова да биде поставена за претседателна Комисијата за хартии од вредност.

Мислам дека со ваквото решение ние нема далеку да стигнеме. Се додека партиски личности поставува Македонија ќе тапка во место. Македонија нема да има напредок во ни еднасфера во општествениот и политичкиот живот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Благородна.

Продолжуваме со претрес.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретсеателе.

Се надевам дека после вчерашните изјави на господинот Георгиевски и на господинот Павле Трајанов, кој што не го гледам тука, да не преземала државата соодветни мерки, па го нема, и Јавниот обвинител, но се надевам дека е добар.

Сосема накратко, пратеничката група на СДСМ и вчера поголемиот дел и денс зборува за партизација на една исклучително важна институција, а не зборува за самата личност за да нема некои дилеми. Господинот Витанов рече дека ова е едкономска тема, но мислам дека ова е чисто партиска тема што ќе има голем ефект на економските текови во Република Македонија.

Имено, оваа смена се плашам дека ќе направи удар како на берзата, така на голем број граѓани кои што во овој момент се или сопственици на акции, или компании кои што котираат на безата. Зошто го велам тоа?

Затоа што именувањето на оваа личност има една единствена задача, а тоа е како берзата која што ја подготвува ВМРО-ДПМНЕ да се легализира и таа да стане доминантна во Република Македонија. Времето ќе покаже дека и имплементацијата на Законот на инвестициски фондови и либерализацијата на пазарот на берзи е она што е задача на кандидатот на Владата на Република Македонија.

Имено, и од вчерашната расправа стана јасно дека според член 183 кандидатот не ги исполнува условите, бидејки членува во извршен комитет на политичка партија, а овластувањата кои што и вчера господинот Витанов ги кажуваше за контролата, за регулацијата на пазарот од хартии од вредност, од берзите на брокерските куќи се плашам дека ќе има сериозен удар со промовирање на една нова берза која ќе биде во сопственост на ВМРО-ДПМНЕ.

И заради ова и заради она се што беше кажано вчера пратеничката група на СДСМ нема да гласа за овој предлог. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Мене ми е навистина жал што изборот на новиот претседател на Комисијата за хартии од вредност не предизвикува должно внимание од страна на пратениците од владеачкото мнозинство. Токму заради тоа сметам дека во овој момент станува конечно јасно дека сепак во Република Македонија постои сценарио чиј автор е секако Владата на Република Македонија предводена од премиерот Груевски за активно слабеење на институциите на системот, со крајна цел воспоставување на политичка партиска контрола на сите сегменти од општественото живеење.

Јас ќе ве молам ако може навистина да обезбедите минимални услови за работа во ова Собрание.

(Пратениците во салата меѓусебно си зборуваат)

**Бесим Догани:** Господа ве молам. Повелете.

**Весна Бендевска:** Значи кога пред Собранието Владата доставува предлог за директор на Комисијата за хартии од вредност да биде една политичка фигура и крајно не навлегувајќи во експертските и професионалната способност на почитуванта госпоѓа Кавракова јасно е дека пред нас овој предлог треба да аминуваме апсолутно апсолутистичко диктаторско владеење на Владата на Република Македонија.

Бидејќи согласно Законот Комисијата е самостојно и независно регулатноро тело со јавни овластувања добиени токму од Законот за хартии од вредност. Не можеме да добиеме независност на сите регулаторни тела до колку на нивно чело Владата предлага активни партиски војници. Да потсетам, ова е четврт обид за слабеење и партизација на независните регулаторни тела.

Најпрво оваа Влада направи груб обид со промена на Законот за радиодифузна дејнсот да го партизира Советот за радиодифузија. Откако тоа не и успеа пред нас како прва фаза го достави Законот за поштенскиуслуги каде за прв пат согласно програмата на ВМРО-ДПМНЕ требаше трите независни регулаторни тела-Советот за радиодифузија, Агенцијата за електронски комуникации и Агенцијата за поштенскиуслуги да се спојат во едно тело под директна надлежност на Министерството за транспорт и врски. Тоа е и така се утврдува виситнска партизација во сите сегменти.

И вчера говорев дек апартизацијата оди на сите нивоа и на сите места. Видовме како се партизира спортот, видовме како се партизира културата. Видовме и пред нас во собраниска процедура е новито закон за инвалидски организации каде што е апсолутно јасна намерата да се партизира и невладиниот сектор. Се со крајна цел да се ослаби демократскиот капацитет на Македонија како општество.

Мене навистина ми е жал што има многу малку присутни пратеници кои имаат право, должност и уставна обврска во име на граѓаните да го сочуваат демократскиот капацитет на Република Македонија. Токму заради тоа не смее ваков предлог да помине во ова Собрание.

Почитувани колеги 12 месци во Република Македонија за прв пат во нејзината независна историја постои реална можност за дерогирање на уставната одговорност на Собранието на Република Македонија. Собранието на Република Македонија 12 месеци е инструмент во рацете на Владата и Никола Груевски. Ако ние аминуваме комплетна партизација и воспоставување на политичко-партиска диктатура ништо не сме направиле и ќе сносиме историска одговорност секој од нас без оглед од која политичка опција дошол тука.

Членот 2 во Уставот вели “ во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните.

Власта во Република Македонија е во рацете на граѓаните преку свои демократски избрани претставници”. Токму тука треба да ставиме брана и да речеме но пацаран, не врви веќе она што Никола Груевски сака да го псотигне. Нема да дозволиме монтирање на комплетна страховлада во Република Македонија. Нема да дозволиме комплетна партизација на државните иснтитуции. Секој од нас нема да гласа за предлог директор на државните иснтитуции да биде оквалификуван, докажан партиски војник.

Особено не госпоѓата Кавракова која во своето работно портфолие е забележано дека била десна рака на господинот Даравелски, а тоа е периодот кога е евидентиран најкрупен криминал во работењето на Царината и заради него е подигната потерница да се врати, да одговара пред органите на Република Македонија.

Не може да биде амнестирана госпоѓа Кавракова кога во исто време, заедно со него работела во органите на Царинската управа.

Не може да биде амнестирана за изузедно слабите постигнувања како директор на Агенцијата за приватизација.

Не може да биде амнестирана заради активното учество во скандалозната продажба на Југохром и ред други работи.

Во текот на вчерашниот ден мојата почитувана колешка Божиновска направи обид да се стави во функција на заштитник на намерите на господинот Груевски. Тоа е нејзин личен избор и тоа е нејзина лична одговорност.

Мошне симпатично направи, претпоставувам обид, не директно кон мене да насочи една симпатична забелешка дека сум ја потсетувала на нејзините рани денови во овој Парламент, кога како што рече “се запенувала” како мене. Но, јас сум сигурна и убедена дека нема да личам како неа во моментот кога ќе го досгитнам нејзиното

партиско искуство. Јас сум убедена дек анема да шетам низ политички партии како госпоѓата Божиновска - ВМРО-ДПМНЕ, потоа ВМРО-Народна, сега независна, а утре кој знае каде и кој знае со кого.

И бидејки верувам во нејзиниот капацитет да го оцени вистинскиот момент ког аова Собрание треба да ја покаже својата сопствена сила, како што реков да се спротивстави на партизацијата, а во корист на демократизацијата и на демократичност не само на Собранието, бидјеки апсолутно овој дом е должен и согласно Уставот да ја промовира и развива демократијата и концептот на граѓанско општество убедена сум дека ќе побараме од Владата нов предлог за директор на Комисијата за хартии од вредност. Во Република Македонија има исклучително добри експерти, докажани во оваа област за кои ние како опозиција ќе го дадеме апсолутно својот глас до колку се обезбеди на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија законската независност во својата регулаторна работа.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Реплика има госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Госпоѓо Бендевска во право сте во едно, вие не можете да личите на мене. Тоа е така и тоа се природни закони кои ги носиме со раѓањето. И добро е што не можете да личите на мене.

Јас како доцент на Факултет за драмски уметности, како што предавам правоговор на македонскиот литературен јазик прво би ве оценила со нула, или една минус.

Друго, за да му помогнам на СДСМ ќе упатам ваква порака. Значи, да му помогнам, сватете го најдобронамерно.

Јас 1990 година во првиот број на Глас, првиот текст на страница, инаку беше жолт е мој текст. Значи, и тогаш знаев да пишувам и тогаш знаев да говорам. Во тој период вие јас не знам каде сте биле.

Десничар сум по вокација од 1990 година. Дали сум била во ДПМНЕ, па Народна, па сега независен, можеби пак ќе се вратам некаде на друго место не е значајно, но мојата добронамерна порака до СДСМ е следна.

Додека вашата лидерка Радмила Шекеринска на Конгресот, кој сметам дека беше еден од подобрите конгреси, изговори ваква реченица “СДСМ конечно треба да се врати кон социјалата. Тоа во иднина да биде нејзина грижа”. Пробелмот во Парламентот е следен.

Се додека ја имаат Весна Бендевска да зборува, да зборува не може да ви се крева рејтингот. Сфаќате ли дека им давате нули. Вие не сте ни Цветанка, не сте ни Мери Младеновска и тоа морате еднаш во вашите редови да си го кажете лице, в лице. Тоа ние си го имаме кажано лице в лице за сите лични недоследности.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиновска.

Контра реплика од една минута госпоѓа весна Бендевска, повелте.

**Весна Бендевска:** Колешке Божиновска, благодарамна добронамерноста, но бидете убедена дека СДСМ не може, не смее и нема што да учи од пратеници кои во зависност од личните потреби ги менуваат партиските бои.

И, што е пострашно идеолошките свои убедувања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Роаза Топузова Кревска не е присутна.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници се јавив за збор најмногу да проговорам за еден феномен што се случува во кадровската политика во Република Македонија и сметам дека моите другари и другарки од СДСМ го карактеризираат како партизација.

Јас мислам, ако беше партизација, ќе сметавме дека Република Македонија во плурализмот и во изминатите 16 години, секој пат со промената на власта и покрај професионализацијата на државната администрација, не ја научи основната лекција, а тоа е дека секогаш треба да дојде до промена само на првите луѓе во министерствата, евентуално државните секретари, а за администрацијата, нејзиниот капацитет да биде оној сегмент што Македонија ќе ја води напред. Но, за жал, колеги пратеници ние имаме поголем проблем. Во Република Македонија имаме процес на фамилијаризација. Значи, оваа госпоѓа никако не можеме да ја доведеме во дирекна врска со партијата ВМРО-ДПМНЕ, како што можеме да речеме, да ја доведеме Валентина Божиновска како истакнат десничар, независно каде е сега, или како што можеме да ги доведеме сите овие од првиот ред, двајца од нив и носители на листа, едниот истакнат член во Петтата изборна единица, другиот претседател на Унијата на млади сили, во вториот ред, еден од оние кој го диференцираа затоа што во судирот во десницата, мислам на Петровски, беше на една или на друга страна. Значи, за сите нив можеме да тврдиме дека се дел од партиското јадро на десницата. Но, за оваа госпоѓа, единственото нешто што ја поврзува со ВМРО-ДПМНЕ, се нејзините “фамилијарни врски”, со Никола Груевски. Јас за тоа сакам да говорам, иако внимателно слушав што вчера говореше Зоран Витанов. Ако сакаме да имаме, условно речено, достојна замена на Весна Пендовска, а за жал немаме. Јас затоа не сакам да зборувам за Марина Наќева Кавракова која не ја познавам, но можам да говорам за Весна Пендовска и да ја искористам оваа можност да и честитам за начинот на кој ја развиваше македонската берза и како доведе до она што вчера, да речеме, Витанов зборуваше, Република Македонија да биде атрактивна за инвестициски фондови затоа што успеа да ја сочува неутралноста на оваа институција и никој за пет години не рече дека е блиска на едните или на другите. Нејзиниот

беграунд, нејзиното минато беше дека истата е стручњак, професор по финансиско право и професор на Правниот факултет, на правото од хартии од вредност. Овде, почитувани пратеници немаме такви квалификации, за жал.

Ако направиме една ретроспектива кој се од Кабинетот на Никола Груевски денес каде се наоѓа, додека беше министер за финансии, само тројца не се во игра: Драган Даравелски, Станинов и Пеловски. Сите други во овој момент се најмоќните луѓе во државата, а не се партиски војници. Тоа се Ставрески, поранешен потсекретар, десна рака на Никола Груевски; Гордана Јанкулоска, поранешен шеф на кабинетот на Никола Груевски додека беше министер за финансии; Миле Јанакиески, министер, поранешен член на кабинетот на Никола Груевски; Ванчо Каргов, директор на Македонската царина, државен секретар во времето на Никола Груевски; Горан Трајковски, директор на Управата за јавни приходи, еден од оние кои никако не можеме да ги ставиме во партиските војници, туку дел од фамилијата на Никола Груевски; Наташа Валканоска, не ја знам госпоѓата но гледам на интернет, директор на битна институција, Фондот за патишта, единствено нешто, член на кабинетот на Никола Груевски; Дејан Рунтевски, директор на Ветеринарната управа. Во неговата биографија нема партиско минато, единствено нешто, член на кабинетот на Никола Груевски. Единствено, не знам веројатно има специјална задача, еден од истакнатите пулени на Никола Груевски, Тони Димитриевски е директор на Тутунскиот комбинат во Прилеп. Можеби не случајно сега доаѓаат измени во делот на акцизите, ги напуштаме бандеролите, на пакетите ќе ставаме бандероли затоа што треба да се спаси Тутунскиот комбинат во Прилеп.

Не знам што треба да спасува во овој контекст, оваа госпоѓа која, ако ги читаме осумте реда од нејзината биографија, сепак го има волшебниот збор, пасвордот кој ја носи на оваа моќна функција, била во времето додека Никола Груевски бил министер за финансии, била прв човек одговорен за финансиите во Царинската управа.

Господа пратеници, господа и госпоѓици пратеници, Република Македонија има посериозен проблем од партизацијата. Овој феномен на бирани луѓе кои се блиски до фамилијата, ја доведоа Република Македонија до ова дереџе. Не може некој вчера да зборува како опозиционер, така се обиде да говори Витанов кој е свесен што значи ова кадровско решение и во недостаток на други аргументи ќе рече ајде да ни понуди план и програма за една година, па да гласаме или да не гласаме.

Искрено да кажам, Зоране, се знаеме, сме биеле некои битки опозициони што требаше еден поинаков ВМРО-ДПМНЕ да го срушиме, јас мислам ако требаше да биде партизирано ова место, ти имаш квалификации да бидеш овде затоа што не ти се допаѓаше да биде генерален конзул во Торонто. Ова изгледа е посериозно, бидејќи сега гледам самиот си пишуваш дека си експерт за берзанско работење.

Кога говориме за експертите во вашите редови, тогаш јас не би имал ништо против, да речеме тврдо партиско решение, еве Илија Китаноски. За Илија Китаноски јас ќе гласам, барем ќе знае дека ВМРО-ДПМНЕ ја презема обврската да врши контрола на овој човек, затоа што, извини Китановски, не знам други економисти, другите се релативно за мене непознати. Значи ваквото кадровско решение кај мене ја буди сомнежта дека овде станува збор за нешто друго. Значи, сите оние луѓе кои претходно ги спомнав, дискредитирани се само тројца, Далаверски, Станинов, Пеловски, а сите други, почнувајќи од Зоран Ставрески, Гордана Јанкулоска, Миле Јанакиески, Ванчо Каргов, Наташа Вулканоска, Дејан Рунтевски, Горан Трајковски, Тони Димитриевски и конечно Марина Наќева Кавракова. За да може да им препишете партиска припадност, ќе имате проблем. Ако притиснете пасворд ВМРО-ДПМНЕ, па да видиме кои се партиските кадри. Но, ако притиснете Министерство за финансии период 2000-2002 година, ќе излезат сите овие личности. Тука нешто, искрено, смрди. Сето ова има една таква реа што Република Македонија долго ќе треба да се проветрува, не како што претходно велевте, од партиски кадри, затоа што партизацијата, вака или онака, може да и припишуваме како “заслуга”, на сите во изминатите 17 години. Иако сите се удиравме во гради дека сакаме професионална и јавна управа, посебно државна администрација и експерти, сепак имаше обид, во главните полуги кои значат моќ, да се има тврди партиски решенија.

Јас во овие 15 имиња не гледам тврдо партиско решение. Тоа отвора, уште еднаш велам, сомнеж дека обидот да се контролира оваа битна институција која дефакто треба да биде непартизирана, отвора многу дилеми. Бидејќи тие дилеми никој во Република Македонија не ги затвори, јас не сум подготвен да ја гледам биографијата на Марина Наќева Кавракова, затоа што таа не говори ништо. Таа последна биографија што ќе ја видите на досегашната претседателка на Комисијата за хартии од вредност реално, не може да биде доследен наследник и да биде, условно речено, нов импут, како што говореше вчера Витанов, за да може да дојдат уште многу повеќе инвестициски фондови. Ова ќе биде протолкувано полошо од партизација. Јас тврдам дека ова решение ќе биде полошо протолкувано, отколку партиско решение. Затоа, искрено говорам, гледам се јави Витанов да ми реплицира. Значи, да немаше проблем на релациите помали коалициони партии - ВМРО-ДПМНЕ, јас мислам дека најсоодветното решение, ќе се согласат сите, дека Витанов може да биде на ова место. Верувам дека, Зоране, ги надминавте проблемите со ДПА што ги имаше уште во 2001 година, затоа што во меѓувреме многу пишуваше за Тачи и толку го величеше, што

не можам да те препознаам дека си истиот. Истиот оној кога бевме во големата коалиција, ја биеше битката со Бесник Фетаи и го правевте сиот оној циркус, па некој пат можеби ќе памети заради моите традиционални, некој како што вели, добри врски со ДПА, успеавме да те извлечеме од кашата во која беше. Но, како и да е.

На крајот господа пратеници од владеачкото мнозинство, се обидов кај вас, можеби да ја пробудам совеста за некој гласно да се запраша, како на времето што се запраша Божиновска ли, Петровски ли, за едно друго време кога во десницата се случуваа некои други работи, па правевте диференцијација меѓу вас, кои се македонските патриоти, а кои се, условно речено бугарофилите. Сега има еден друг феномен, дали ...

**Зоран Витанов:** (Дофрла од место, Држете се за темата).

**Владо Бучковски:** Немој да бидете, Витанов, темата е таа. Вчера јас ве слушав, не во салата, 30 минути го читавте законот. Сите можеа да го прочитаат законот. Ништо не кажавте, освен тоа што најдовте можност да го издвоите вашето мислење, демек јас не гласам за Кавракова затоа што нема план и програма и не ви го ставија предлогот на гласање. Ајде да гласаме за тоа. Секој предлог од пратеник треба да биде ставен на гласање, туку Анастасовски рече, ова сигурно го слушна предлагачот, тука беше веројатно заменик министерот за финансии. Се дежам јас за темата.

Значи за да дојдеме до избор на прв човек на Комисијата за хартии од вредност, треба да знаеме кои се мотивите на Никола Груевскида биде прв човек. Значи, нема биографија што во експертската јавност би ја дефинирало како истакнат стручњак, иако јас знам многумина економски експерти кои се блиски на десницата и не знам зошто Груевски, пред се, не се решил на такво решение, ги има и на Економскиот факултет и на Економската катедра на Правниот факултет, дури некој од помладите колеги беа и советници на Груевски, но тие не се решенија, не е партиско решение тоа, затоа што јас не можам да тврдам дека Кавракова е партиско решение, кога единствено нешто што имаме е дека била истакнат член на ДРУМ. После тоа се спои ДРУМ со ВМРО-ДПМНЕ.

Затоа, требаше предлагачот, не може тоа да биде заменик министерот за финансии, требаше да каже кои се мотивите оваа госпоѓа да биде прв човек на Комисијата за хартии од вредност, бидејќи, почитувани колеги, тој одговор не може да го даде заменик министерот за финансии, а министерот за финансии има време секој ден да оди во Владата и да дава изјави, а не нас да не удостои овде со присуство и со предлог. Значи, несоодветно беше заменик министерот за финансии да дава предлог каде што имаме само осум реда од биографијата. Министерот за финансии требаше од име на Владата, иако е потпишан Груевски на предлогот, да даде информација што ја бараше вчера елитата, да каже имаме намера во следната година тоа, тоа и тоа да го направиме. Оваа госпоѓа, заради искуството што го има нашиот претседател на Владата, додека таа беше прв финансиер во Царината, гарантира дека тоа ќе се направи. Која е гаранцијата, јас сега прашувам, дека оваа госпоѓа нема да го упропасти пазарот на хартии од вредност. Која е гаранцијата и кој ќе ја сноси гаранцијата. Јас сакам чисти сметки. Така сме ги правеле овие решенија. Не може да спориме за се и сешто, но тој што го дава предлогот тој ја сноси одговорноста од евентуално не дај Боже колапс на пазарот од хартии за вредност, а знаеме дека во недостаток на сериозни дирекни странски инвестиции кои се гринфилт инвестиции, најголемата шанса за заживување на македонската економија е да продолжи позитивниот тренд на македонската берза и тука немам спор со Витанов, туку напротив сметам дека и дел од овие написи што ги има како колумнис, долго време говори во овој правец дека треба да се негува добрата клима која се создаваше околу пазарот на хартии од вредност и дека треба со секое идно решение да надградуваме нешто во тој успешен мозаик, независно кој колку придонел се ова да има вакви позитивни трендови.

Мислам дека, еве да не сум берзански советник како Зоран Витанов, јас како потенцијален инвеститор да сум консултант на некој инвестициски фонд, би оставил дилема како ќе се одвиваат активностите околу пазарот на хартии од вредност, додека не видам како ќе функционира новиот прв човек. Значи ние кога сме донеле вакво законско решение, сериозна одговорност е и на Владата кого ни предлага. За мене беше покоректно, затоа што верувам дека можеби претседателот на Владата заради поранешното искуство како министер за финансии, има многу повеќе доверба во оние кои му биле соработници, отколку во неговите тврди партиски решенија затоа што цени дека тие можат да ја спроведат генералната политика. Но, почитуван заменик министер за финансии, која е генералната политика на Владата во овој битен сегмент, во пазарот на хартии од вредност? Не добивме таков одговор. Тоа уште еднаш го потврдува мојот заклучок дека ние имаме сериозен проблем. Подобро е секој од нас сега да проговори јавно, затоа што сега дојде, гледате каква атмосвера се наметна, ќе се цени кој што кажал кога се бирало некој, иако е предлог на Владата, затоа што дојде време каде што и по прозивката вчера што ја направи Љубчо Георгиевски, се извинувам за дигресијата, Павле Трајанов веќе нема кредибилитет овде да седи во овие клупи кај вас. Таква јавна прозивка на некоја што лажел, се затскривал зад колективна одлука, веќе не поминува. Затоа, не сум убеден дека ќе ја пробудам совеста кај парламентарното мнозинство, но евентуално ако дојде до крах на пазарот од хартии од вредност, дали сте подготвени вие почитувани колеги од

парламентарното мнозинство, да тврдите дека оваа госпоѓа која вие, очекувам, ќе ја изберете, беше вистинскиот избор, или верувате без поговорно, затоа што не ја знаете, не е партиски кадар, тоа го кажавте, или верувате на се она што ќе дојде како решение, не на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, туку како решение на Никола Груевски. Ако така мислите, мислам дека нема далеку да дотера Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

За реплика се јави господиниот Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Не можам а да не ви се заблагодарам господине Бучковски. Каков таков, вие сепак бевте премиер на Република Македонија. Зборуваме за економија и наместо да зборувате за предлогот, вие половина час зборувавте за мене, што во секој случај не е чесно. Меѓутоа, морам да ви кажам, независно дали вие мене ме сметате, бидејќи во даден момент на иста тема ме фалевте дека многу знам, потоа викавте дека сум само прогласен експерт за берза, па потоа пак ме напаѓавте, па пак ме фалевте. Нема да навлегувам во таа тема. Меѓутоа во секој случај ми претставува чест и задоволство што наместо да зборувате за предлогот и за предлагачот, вие зборувавте за мене. Меѓутоа, морам искрено да ви кажам вие или не сте ми ја слушале дискусијата, или не сте ме разбрале затоа што доколку вие ме разбравте мене што јас синојќа сакав да кажам, вие први ќе застаневте зад мојот предлог. Вака или вие, или СДСМ, бидејќи гледам дека целата парламентарна група, со исклучок на двајца, го напуштија Парламентот додека вие зборувавте, што исто така е симптоматично. Најдобронамерно ви го кажувам тоа. Се работи за најосетливата тема што македонската економија било кага можела да ја допре. Кога јас би бил претседател на Собранието, дури би барал и затворена седница, бидејќи секое искажување, вакво или онакво, за берзата, може толку ценовно чувствително да влијае што ние овде наместо да го штитиме тоа, можеме да направиме најголема штета.

Апелирам до сите нас на трезвеност, да си ги оставиме суетите на страна. Македонскиот народ, господине Бучковски има многу мудрости. Една од тие е “Каменот тежи на своето место”. Јас не се срамам туку се гордеам да кажам дека мојата експертиза и моето знаење е во областа на економијата и банкарството и финансиите, затоа што 17 години имам своја сопствена фирма за финансии и консалтинг која ја формирав, внимавајте, на 19 годишна возраст, во јуни 1990 година, впрочем кога е формирано и ВМРО-ДПМНЕ.

Така што не очекувајте од мене да дискутирам за здравство, не очекувајте од мене да дискутирам за првосудство, меѓутоа, очекувајте од мене и народот тоа го очекува од мене, да разговараме за економија.

Апелирам не само до вас господине Бучковски, до сите на трезвеност особено до парламентарното мнозинство на кое јас припаѓам господине Бучковски, а не на опозицијата, вие грешката со Весна Пендевска ја направивте. Јас вчера во мојата дискусија кажав два моменти каде таа директно влијаеше на негативен тренд на берзата. Да не ја направиме истата грешка, да ја повлечеме овде оваа точка на дневен ред, сепак се враќам на мојот последен предлог и да добиеме програма, да не гласме личности, да гласаме програми. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Витанов.

Една минута контра реплика за господинот Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Господине Витанов на крајот ќе испадне дека ќе се согласиме, јас го подржувам вашиот предлог, а калкулирањето на дел од опозицијата со тоа дали ќе ви правиме мнозинство или не е веќе јасен. Нашиот договор е таков и да знаете, нема тајни. Еден кога ќе зборува само еден ќе слуша. Се до оној момент додека за вакви сериозни теми не покажете сериозност. Кога ќе видите дека во салата има 61 пратеник, тогаш ќе станете 77 или 80 пратеници.

За ваква сериозна тема, јас се согласувам, требаше да говориме на затворена седница и како второ требаше уште на стартот да се даде поголема тежина на местото прв човек на Комисијата за хартии од вредност, а не да дојде заменик министрот за финансии и да го дава предлогот. На затворена седница многу поотворено ќе говореше и дел од опозицијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

Има збор господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам господине потпретседател.

Јас и на вчерашната расправа во поголемиот дел по точката од дневниот ред внимателно го ислушав поголемиот дел од расправата на пратениците кои учествуваат, мислам на пратениците од опозоцијата, меѓутоа, имаше и пратеници од парламентарното мнозинство и внимателно ги ислушав истите. Меѓутоа, како и да е бидејќи се работи за областа економија, во оваа насока каде велиме дека овој дел од Комисијата за хартии од вредност навистина претставува исклучително значаен сегмент од областа на економијата во Република Македонија.

Меѓутоа, кога го добив писмото односно предлгот од предлагачот, претставникот на Владата потпишано од господинот Никола Груевски кога се гледаат само пет реченици или пет реда, тоа е голем срам. Зошто го велам ова? Јас по вокација сум професор во средно училиште и кога еден ученик доаѓа со напишани пет реда домашна задача, тој ученик се враќа со негативна оценка.

Тоа значи дека Владата во овој момент со понудениот предлог со каква таква биографија воглавно симболична биографија, да не речам телеграфска, го потценува кредибилитетот на ова

Собрание и на нас пратениците што сме присутни.

Внимателно го слушав Зоран Витанов кога рече дека се работи за исклучително чувствителен сегмент од екомонијата, се разбира го поздравувам неговиот предлог предложениот кандидат да биде повлечен и да се понуди нешто што ќе може да не убеди, а тоа е краткорочна, среднорочна и долгорочна програма за да може да има појасна слика не само Парламентот туку и пошироката јавност.

Господине потпретседател, дококу може да ни создадете услови затоа што блиску до мене галамат многу.

(Потпретседателот ги опоменува пратениците)

Во ред, продолжувам, благодарам потпретседателе,

Кога забележувам пет реда од еден слаб ученик како што е Никола Груевски се разбира треба да добие негативна оценка единица наспроти тоа што се говори за еден исклучително значаен сегмент од економијата, читајќи гледам дека таа работела на 4-5 работни места. Во 1988, 1992, била финансиски оператор и финансиски директор во Текстиланата фабрика - Постелнина.

Поставувам прашање зошто тука нема податоци во нејзината биографија каков резултат има постигнато во времетраење на нејзината работа во Текстилната фабрика.

Потоа во Фабриката за обувки - Тамаго како финансиски директор, во Царинската управа, во Агенцијата за приватизација, нема ништо со што би се убеделе дека навистина се работи за поединец или кандидат кој е експерт во оваа област.

Овде читам дека во 2001 година била помошник директор и советник во Царинската управа, кога корупцијата беше највисока во овој дел од институциите во Република Македонија што е исклучително значаен сегмент во економијата на Македонија, кога највисоката корупција владеела, тогаш каде се нејзините резултати да не убедат дека навистина го дала својот придонес во насока на надминување на овие проблеми на корупцијата. Не случајно на секоја граница пишува пријавете корупција на овој број. Бесплатно пријавете корупција. Што беше најголемиот проблем и многу смешен во исто време елаборацијата на заменик министерот кога пратеници од опозицијата побараа и често пати се вели дека молчењето е злато, подобро отколку да се зборува и да се направи нешто непримерно, посебно од заменик министрот кој рече или не рече ништо. Дали немал мандат да каже нешто или можеби нема познавања од оваа област или околу можниот кандидат. Тоа му се сервирало и тој тоа го претстави како што го замислил некој друг, а не тој, што е голем срам после негативната оценка на Никола Груевски како слаб ученик.

Сега, само по себе, во недостаток на биографија од нејзиното професионално искуство затоа што приватно не ме интересира, се појавува една конфузија не само кај мене, туку кај мнозинството пратеници, а еден од нив беше господинот Зоран Витанов кој имаше смелост, а многу е ретко некој да има смелост и да каже нешто со кое не се согласува парламентарното мнозинство.

Сега се поставува едно друго прашање дали можеби сега треба да се решат кадровските прашања на ВМРО-ДПМНЕ со именувања по разни позиции без да се има богата биографија затоа што оваа функција е многу значајна затоа што е ова највиталното и најсензибилното прашање што се однесува до прашањето на економијата на Република Македонија и за тековите на истата.

Јас мислам и го поздравувам предлогот на Витанов, госпоѓата Кавракова требаше да поднесе нацрт-програма, оперативна, краткорочна, среднорочна и долгориочна нацрт програма затоа што врз основа на овие три сегменти од планот се гледа до колку ја има извршено краткорочната програма може да премине на среднорочната, ако и среднорочната ја помине успешно, тогаш поминува на долгорочната и врз основа на тоа да имаме една реална и јасна слика за какво лице се работи. Не само да ни се сервираат поединци или кандидати кои на поголемиот дел од пратениците им се непознати, да не речам анонимни.

Додека се поставуваат луѓе на функција само поради тоа каде работел, а не постигнал никаков резултат, тука не гледам ништо, тогаш навистина сите ќе бидем скептични не само како пратеници, туку и пошироката јавност и граѓаните на Република Македонија.

Ваква грешка можам да направам и јас и можеби некој од нас, но не смее да прави таква грешка посебно предлагачот, Владата или Министерството за финансии. Овие грешки можеби се правени во минатото, но не смеат да се толерираат сега.

Не можам да се согласам овој кандидат да се именува, да се гласа, додека не се види нацрт-програмата и навистина да се дискутира така како што треба затоа што оваа Комисија е еден од најзначајните сегменти на институцијата економија, многу значајна во Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Незири.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Навистина вчера цел ден дебатиравме околу оваа точка односно дали госпоѓата Наќева Кавракова да биде назначена на функцијата која овде ни е предложена односно да го има првото место за хартиите од вредност на Комисијата за хартии од вредност.

Почитувани колеги пратеници, можеби некој ќе смета дека премногу време сме потрошиле,

меѓутоа, ако го имаме предвид значењето на оваа функција и нејзината улога во целокупните случувања во областа на економијата во Република Македонија, тогаш сите ќе се согласиме дека навистина времето не е залудно потрошено, туку можеби од ова ќе се извлечат некои позитивни заклучоци.

На самиот почеток би сакала да кажам дека од страна на опозицијата беа искажани голем број на аргументи не паушални мислења, туку аргументи за кои госпоѓата Наќева Кавракова не треба да биде на оваа значајна функција.

Визави тоа од страна на парламентарното мнозинство немавме многу дискусии со поткрепа на аргументи кои упатуваат зошто токму госпоѓата Наќева Кавракова да биде на така значајна функција. Дури господинот Витанов искажа одредено сомневање, да бидам искрена, не на личноста, меѓутоа, на начин на кој се предлага дотичната госпоѓа на оваа функција.

Во таа насока е и мојата дискусија. Не може почитувани колеги пратеници на вака значајна функција која, меѓудругото, чии услови се јасно дефинирани во закон, мислам на Законот за хартии од вредност и при тоа да не ги исполнува или делумно да ги исполнува условите да биде назначена на оваа функција.

Да почнам по ред. Меѓудругото се вели во законот во членот 183 да е експерт од областа на финансиите и деловното право. Со што, почитувани колеги пратеници од парламентарното мнозинство, вие врз основа на ова, освен ако лично не ја познавате, еве се слушна дека е некој ваш член, тоа не можам да го тврдам. Точно е дека се споија партиите на госпоѓата Доста Димовска и ВМРО-ДПМНЕ, тоа го видовме сите, беше на медиумите и самата госпоѓа Доста Димовска искажа мислење односно став дека сите членови ќе поминат кои се во нејзината партија ќе поминат во ВМРО-ДПМНЕ. Тоа ни дава за право да судиме дека госпоѓата Кавракова е член на вашата партија.

Реков, ако вие не ја познавате освен лично, што од оваа биографија која ни е поднесена ви дава за право со невидена леснотија да го стегнете копчето и да гласате за и госпоѓата да се најде на вака значајна функција.

Почитувани колеги, за да се биде експерт од областа на финансиите и деловното право, мората да се согласите со мене дека треба да видиме дали навистина го исполнува тој услов да имаме една поопстојна биографија, па дури како што колегата Витанов рече програма и план за нејзино натамошно, барем едногодишно делување. Ние го немеме тоа. Во недостаток и на едното и на другото кажете ми како очекувате пратениците од опозицијата да дадат подршка или не говорат дека не е добро почитуваната личност да се најде на таа значајна функција.

Овде имаме биографија која во ниту еден момент не не упатува на тоа дека оваа личност го исполнува условот од Законот за хартии од вредност. Кои се аргументите? Погледајте ги. Освен основните работи каде е родена и кога е родена, што јас не го сметам како некој релевантен податок дали е некој експерт или не е или само дипломирала на Економскиот факултет во Скопје, ништо повеќе од дипломски студии. Почитувани колеги сите ние знаеме како се станува експерт од одредена област. Има неколку начини за напредување или треба да има дипломирано потоа своето усовршување да го продолжи со посдипломски студии, магистратури и докторати или да има долгогодишно искуство ако не во научната дејност, тогаш да напредува во стручната дејност во областа на финансиите и деловното право. Можеби госпоѓата го има, но ние не можеме да го видиме од оваа биографија. Оваа биографија ви кажав упатува дека има дипломирано на Економски факултет, дури немаме година на дипломирање, добро, не сметала дека е потребно да се има и движење во службата каде кажува дека била финансиски оператор и директор во Постелнина, па Тамаго, потоа Царинската управа, но сега не би сакала, доста беше искажано околу нејзиното работење во Царинската управа, јас нема да се задржувам на тоа затоа што еве парламентарното мнозинство ќе каже дека тие работи треба да се докажат и јас се согласувам со вас.

Прво, доколу некој направи злоупотреба на функцијата и направил дела кои се казниви со закон, треба да одговараат за тоа, без разлика колкава штета и нанел на државата и колку од тоа има лична придобивка. Значи, секој треба да одговара според Законот.

Но, почитувани колеги, исто така сум и да се почитува Законот. Не можеме луѓето да ги осудуваме однапред. Сега, вие треба да имате еднакви аршини. Јас нема да говорам за нејзиното работење во Царината токму од овој принцип. Не сакам да ја осудам и немам право госпоѓата Кавракова како таму ја обавувала својата функција. Факт е дека во тоа време Царината беше легло на коруптивни дејанија, но, јас не можам да кажам дека госпоѓата учествувала во тоа. Но, барам почитувани колеги и вие од парламентарното мнозинство, а со оглед и според Уставот, пратениците имаат контрола над работењето на Владата да им укажете на министрите исто така да го почитуваат законот и никого да не го прогласуваат виновен пред да помине целокупната судска процедура.

Сум за тоа да имаме вистинска борба за справување со корупцијата, но вистинска, а не селективна.

Околу нејзината работа во Царината реков дека нема да се задржувам, меѓутоа, почитувани колеги, окоу нејзиното работење како генерален директор за Агенцијата за приватизација, мојот почитуван колега Слободан Најдовски изнесе факти кои морате да признаете дека се непобитни. Значи не може да кажеме дека говориме неаргументирано или говоревме нешто тенденциозно затоа што еве ЛДП има нешто против дотичната личност. Не почитувани колеги, ако го гледаме овој податок од 2000 до 2001

година, кога генерален директор на Агенцијата за приватизација врз основа на документацијата која што ви ја покажа пратеникот Најдовски, врз основа на извештајот од таа Агенција, кој што ќе напоменам е изработен на 12.06.2002 година, значи во времето кога ВМРО-ДПМНЕ со своите коалициони партнери е на валст, стои дека дотичната госпоѓа во времето од 27.04.2001 до 21.05 истата година неколку пати го менува своето решение во однос на приватизацијата на ЦИП Продукт. Јас и тука нема да задржувам, да одземам од вашето време. На многумина од вас, а и на голем дел од македонската јавност е познато како и што се случуваше со таа приватизација, но еве ЛДП преку колегата Слободан Најдовски има поставено прашање до Владата околу сите поединости, па се надевам дека ќе се одговори некогаш на ова прашање и тој ќе има можност да ја изнесе целокупната документација која ќе претставува доволен аргумент за овој настан. Не би сакала ни околу тоа да се задржувам.

Почитувани колеги пратеници, зарем не се доволно овие аргументи кои до сега беа изнесени од пратениците на опозицијата, зарем не е доволен аргументот што го изнесе и еден од пратениците од парламентарното мнозинство дека за оваа значајна функција треба да имаме барем малку поопстојна биографија, план и програма, како дотичната госпоѓа замислува понатаму да ја води Комисијата за хартии од вредност која што реков дека не е било каква комисија, туку е Комисија која што во голема мера влијае на економските текови во државата, а со самото тоа и на целокупната состојба во Република Македонија. Сосема е логично дека во недостаток на аргументи од другата страна, во недостаток на биографија, во недостаток на програма дека пратениците од опозицијата, а врз основа на она што го бара законот, ќе имаат долги дискусии, нормално, со една единствена цел, да ги убедат пратениците од парламентарното мнозинство сериозно да се замислат околу ова што ние го говориме и бидејќи заменикот министер очигледно нема намера да го повлече предлогот, барем тие да не изгласаат доверба, односно да не дадат позитивно, да не гласаат позитивно во насока оваа госпоѓа да се најде на таа функција.

Тука би имала уште едно прашање до почитуваниот заменик министер. Имено, членот кој што го цитирав на почетокот на моето излагање 183, во својот став 2 вели: "во случај на поднесување на оставка од страна на претседателот", се мисли на Комисијата за хартии од вредност, "неговата функција", продолжува понатаму: "а Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија", неговата функција како комисионер продолжува, но Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија избира нов претседател за остатокот од мандатот.

Почитуван заменик министер, ве прашав дали избираме за остатокот на мандатот, затоа што според она што го имаме овде како образложение, не мора секогаш да го имаме и законот, затоа вие доставувате документи, не стои за колку време ја избираме оваа личност.

Тоа беа моите прашања и аргументи, со кои се надевам ако не сите, барем доволен број на пратеници од парламентарното мнозинство убедив сериозно да размислат пред да гласаат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Дозволете почитувани колеги накратко да се изјаснам за предлогот.

Прво, дозволете да кажам неколку зборови на благодарност до досегашниот претседател на Комисијата за хартии од вредност, госпоѓата Весна Пендевска, од причини што таа во изминатите години одлично ја водеше Комисијата и даде свој придонес за развој на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија и за целиот систем, а исто така нема да ми земете за зло ако лично се заблагодарам на досегашниот претседател, професорката Весна Пендевска, од причини што и јас како министер за финансии неколку години со неа директно и блиско соработував за областите за кои Министерството за финансии и Комисијата за хартии од вредност имаа заеднички или слични надлежности.

Исто така сакам да се заблагодарам и за нејзиниот голем придонес во изработката на системскиот Закон за хартии од вредност, кој и ден денес во Македонија е на сила, на кој заедно соработувавме и за нејзиниот вкупен придонес во оваа област. Мене ми е жал што професорката Пендевска напушти и не се определи да продолжи да ја врши функцијата професионално во согласност со законот, туку ги стави на преден план своите професионални обврски на Факултетот, што не го земам за зло, меѓутоа, мислам дека ако продолжеше ќе беше во корист на Република Македонија. Како и да е, сакам да се заблагодарам на досегашниот претседател.

Во врска со предлогот сакам накратко да соопштам три работи кои мислам дека се битни.

Со оглед дека предлогот до Собранието е потпишан лично од премиерот господинот Груевски мислам дека господинот Груевски по втор пат во својата професионална кариера во врска со Комисијата за хартии од вредност прави сериозна грешка.

Само да потсетам дека првиот пат сериозната негова грешка беше додека беше министер за финансии кога тој како министер за финансии беше претседател на Комисијата за хартии од вредност. Една состојба која беше често критикувана и во овој Парламент и во јавноста и господинот Груевски тогаш не сакаше да се откаже во исто време да биде на чело на ресор од извршната власт, меѓутоа во исто време да биде

и претседател на регулаторно тело каде што тој како министер за финансии не би требало да има надлежности.

Таа состојба траеше долг период, додека не зовре, условно да кажам, состојбата до ситуација да господинот Груевски мораше да прифати да се смени законот и да се напише во законот дека Комисијата за хартии од вредност е независен регулатор и дека на негово чело треба да биде независна личност и изрично се наброени кои функции се неспоиви со нив.

Прво, најважната е министер за финансии.

Меѓутоа, тогаш господинот Груевски направи уште покатастрофална грешка, предложи, мислам дека тоа беше некаде 2001 година, измени на Законот за кој кажа дека на чело на Комисијата за хартии од вредност треба да биде независен претседател, но во преодните одредби напиша дека мандатот на сегашните членови и сегашниот претседател на Комисијата за хартии од вредност ќе остане до истекот на мандатот. Критикувано решение во овој Парламент, амандмани поднесени во тоа време, дури мислам дека и лично од мене меѓу другите, меѓутоа господинот Груевски опстои на тоа и донесе закон во кој напиша дека претседателот на Комисијата е независен, но тој ќе остане до крајот на неговиот мандат.

Среќа што се изгубија изборите од страна на господинот Груевски во 2002 година, затоа што ако ги добиеја изборите тој ќе си продолжеше како министер за финансии да остане на чело до донесување на нов закон, уште наредните две-три години.

Неговото повлекување присилно со губење на изборите значеше дека идната Влада веднаш направи нов закон, го измени овој закон и со смена на господинот Груевски донесе на чело претседател кој е независен и кој одлично си ја вршеше работата.

Доказ за тоа е што пазарот и системот на хартии од вредност во Република Македонија од 2002, 2003 година до ден денес значително и брзо се развива.

Инаку, вчера тука имаше еден пратеник од владеачките партии кој четири години во опозиција ја критикуваше Владата и сега пишува колумни дека најмрачниот економски период во историјата на Македонија биле тие четири години на владеењето до 2006 година, а вчера на говорница без трунка размислување што всушност пишува и зборува рече дека е единствениот критериум за успешноста на Владата е индексот на берзата на долгорочни хартии од вредност и како тој се движи. Е, па, господине пратеник од Социјалистичката партија ако е тоа резултатот од владеењето на СДСМ во изминатите четири години, тогаш видете го индексот ќе видите како стрмоглаво растел 100% во изминатите години годишно и ќе сфатите каква била успешноста. Меѓутоа, тогаш не ви одговараше, сега ви одговара, а друго е прашањето како се формира индексот на берзата на хартии од вредност. Тој индекс е индекс на 10 компании, така и гласи.

Има уште еден индекс кој сега почна да се пресметува на сите други. Над сите тие други компании индексот од 10 илјади, како што се основа оваа година, денеска мислам дека е стигнат до 11-сетина илјади, од 10 до 11 илјади мислам дека е 10% раст. Тоа меѓу другото исто кажува што се случува оваа година на берзата. Оставете ги оние 10 компании кои што се во МБИ со 10 индекс, кои вие најчесто ги критикувате секојдневно. Полни ви се устите на вас и на портпаролот на Владата и на министрите на Владата со компаниите дека се тие најголемото зло на Република Македонија, а токму тие ви се во индексот на берзата. Индексот на берзата имено се формира МБИ 10, токму од движењето на од прилика 7 или 8 од тие 10 компании што вие не ги вадите од уста постојано и кога ви требаат ги кажувате како гордост на македонската економија, а кога не ви требаат ви служат за политички пресметки и за судења. Не навлегувам во тоа дали е нешто исправно или не, меѓутоа пратеник и потпретседател на политичка партија на власт, како што е Социјалистичката партија мора да биде доследен. Или индексот е од 2002 до 2006 година  показател, како и од 2006 до денес или не е. Или тие компании што го прават индексот се заслужни, или не се. Не може во еден период да се гробари на Македонија, а во друг период да се гордост на нашата берза.

Сакам да завршам со овој блок и да соопштам дека господинот Груевски и покрај тоа што како министер за финансии ја имаше узурпирано Регулаторната комисија за хартии од вредност, на чело на нејзе да биде скоро цел свој мандат, да соопштам дека втората грешка е што повторно сега ни предлага во својство на премиер на чело на Комисијата да не дојде независна, стручна и компетентна личност, барем од она што е доставено во биографијата.

Секој орган или форум што избира некого треба да има пред себе биогравија за да може да одлучи што ќе прави со изборот.Биографија соопштена во две реченици, да неречам во два збора, буквално во две реченици, не е никаков знак кого се предлага  особено што господинот Груевски повторно завлегува во начинот на уредување на регулаторните комисии, кое до сега го практикува, а тоа е да ја укине независноста со назначување на луѓе од партијата на која тој припаѓа. Совршено е јасно дека госпоѓата која е предложена за кандидат била кандидат на изборите во 2006 година, не станала пратеник и тоа била  висока трета позиција, сега е член на ВМРО-ДПМНЕ и од таа позиција се носи за претседател на Комисијата за хартии од вредност.

Пазарот на капиталот на хартии од вредност е многу сензитивен, многу, дури и за него познатата реченица дека е сензитивен колку и срна во шума, на секој звук од 2 км. бега. Ова е директен знак до инвеститорите дека во Македонија пазарот на хартии од вредност ќе се стави под контрола на

извршната власт која е политички орган и нема да биде независно регулаторно тело.

Македонскиот Парламент би требало во суштина овој предлог да го одбие од формални причини, без ние да влегуваме во расправа, меѓутоа жал ми е што Владата тоа го предлага, жално е што мнозинството со некои мали исклучоци тоа го брани. Госпоѓата не ги исполнува законските услови.

Прво, да не е член на органите на партијата, таа очигледно е член

Второ, треба да е како што пишува, го цитираа моите колеги законот, стручњак експерт во економско-финансиските и други работи и тн.

Од оваа биографија што ни е доставена нема не ниту еден збор, ниту една запирка и точка каде што ќе се потврди од страна на предлагачот дека за конкретниот предлог е експерт. Сега ние на што да веруваме. На предлогот што ни е доставен?

Ние вака нема далеку да го однесеме развојот на македонскиот пазар на хартии од вредност.

Консеквентно на претходните две и со тоа завршувам, ваквиот начин на предлагање и на избор целосно ќе ја наруши независноста на регулаторното тело, а во цел свет регулаторите треба да се независни.

Јас да ви кажам искрено гледајќи ја биографијата што ви е доставена во два реда, како и нејзината професионална биографија апсолутно се сомневам дека таа несависно ќе го води телото за регулатија на пазарот на хартии од вредност и дури сум убеден дека во донесувањето на одлуките важни за пазарот на хартии од вредност сегашниот предложен кандидат не само што блиску ќе се консултира, туку и ќе се координира со надлежните власти во Владата на Република Македонија, пред се со Министерството за финансии и со премиерот на Владата на Република Македонија, поаѓајќи од нејзината биографија што е тука предложенаљ.

Од тие причини јас почитувани пратеници, почитуван предлагач, односно претставник на предлагачот, иако знам дека со мандатот што го имате во Собранието на крај памет не ви паѓа тоа да го направите и господине потпретседателе кој ја водите седницата предлагам Собранието да ја прекине расправата тука и само да констатираме дека предложениот кандидат не ги исполнува формалние законски услови за да застане на чело на Комисијата за хартии од вредност.

Во спротивно сум, угеден дека Македонија само ќе направи штета на развојот на финансиските пазари, на долгорочните пазари, на хартии од вредност и на регулацијата вкупно која се дава во рацете на овој кандидат.

Од тие причини сметам дека апсолутно не заслужува расправа и поддршка ваквиот начин на избор и избегнување на независност во регулаторното тело. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да го ставам претресот на гласање за избор на госпоѓа Марина Наќева Кавракова ги повикувам пратениците ои се надвор од салата да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите во меѓувреме да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

(И понатаму некои пратеници влегуваат во салата).

Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места, а службите да ми достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум).

Објавувам пет минути пауза.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да направат напори да ги повикаат пратениците да присуствуваат на седницата.

(Пауза од 13,11 до 13,23 часот).

Почитувани дами и господа пратеници,

Поради активност на поголем број пратеници објавувам пауза од половина час, односно ќе ја поврземе паузата со редовната пауза за ручек.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата, бидејки ќе пристапиме кон гласањето.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум до 16,00 часот).

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеницивo слата.

Бидејки во салата се присутни 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 присутен пратеник во слаата, гласале 58, од кои 56 гласале за, 2 се воздржале од гласање и 2 гласале против.

Констатирам дека Марина Наќева Кавракова е избрана за претседател на Комисијата за хартии од вредност.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Италијанската Република за консолидација и отплата на одредени долгови, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Ако има пријавен за збор од Министерството би му дал предност.

**Иван Анастасовски:** Немаше на екранот пријавен за збор почитуван колега, вие бевте пријавени. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Овој закон е еден од многу контраверзните закони на дневен ред на денешнава седница и мислам дека прво се потребни од страна на Министерството за финансии многу сериозни образложенија зошто овој закон го имаме вака и зошто е потпишан.

Второ, со оглед дека веќе е потпишан, знаејки ја праксата дека тука тешко работите се менуват во Парламентот, навистина би повикал пратениците детално да разгледаат што практично денес ни се предлага, внимателно да го прочитаат и тоа што е напишано во образложението и внимателно да ја сослушаат дебатата денес, а јас би сакал да го слушнеме и претставникот на Министерството и Владата, да даде образложение за некои од работите кои се дадени во овој закон.

Со овој закон Владата ни предлага Република Македонија да признае како свој долг близу 7 милиони евра кон Италија, што не е мала сума и 1,2 милиони долари како наш долг што треба да го отплаќаме кон странство. Тука е нешто образложено, јас би сакал нешто и да додадам во врска со овој закон. Република Македонија и Италија својот долг од времето на СФРЈ го регулираа во текот на 90-тите години со потпишување на Билатерална спогодба, со која Македонија го призна својот долг кон Италија од времето на СФРЈ и тоа влезе во долгот на Македонија кон таканаречениот Париски клуб на доверители, на официјалните доверители на владите кон Република Македонија и за тоа се потпиша Билатерална спогодба, која овој Парламент ја ратификува.

Во меѓувреме се случиај две, три дејствија, кои сега резултираат со овој закон, а за кои не сум уверен дека се во корист на Република Македонија, односно сум уверен дека овој закон е потпишан со цел Македонија да демонстрира политичка попустливост кон Република Италија и да ја одоброволи Република Италија од некои други политички причини, со што презема долг, еве, со оглед дека е мешан во евра и долари, јас цело време ќе употребувам 8 милиони евра, затоа што толку се заедно доларите и еврата отприлика, 8 милиони евра долг кој не треба да го преземе, односно уверен сум дека ова е штетен договор за Република Македонија. Ќе образложам и зошто.

Откако Македонија го консолидира својот долг кон Италија, и двете држави тоа го потпишаа, тој долг почна да се отплаќа и да се сервисира како и кон другите доверители и така беше се до 2004 година кога Министерството за финансии донесе Одлука долговите кон Лондонскиот и долговите кон Парискиот клуб на доверители, кои ги има Република Македонија, предвремено да ги отплати со издавање на ...

**Иван Анастасовски:** Колеги, ако може да се сослушаме.

**Никола Поповски:** Не е проблем, само мислата да ми се врати. Значи Македонија донесе Одлука, Министерството за финансии да ги отплати предвреме долговите кон Парискиот и Лондонскиот клуб на доверители по пат на издавање на еврообврзница која е со подобри услови отколку сервисирањето на долговите кон овие два клуба, кои во тоа време беа над 200 милиони евра, ако добро се сеќавам или долари, евра, сеедно. Со Лондонскиот клуб се договори предвремена отплата, затоа што се приватни доверители, меѓутоа, кај Парискиот клуб Италија протестираше дека не сака да прифати предвремена отплата - сега внимавајте - затоа што во нејзините преговори за консолидација на долгот со Хрватска и Србија Италијанската Влада од Србија и од Хрватска не добила ветување дека ќе платат дополнителни 8 милиони евра, затоа што тие две држави рекле тие не се наши долгови, тоа се долгови на Македонија.

Во тој случај, тогашната Влада на Република Македонија, во која знаете дека јас бев министер за финансии, донесе Одлука да го отплатиме предвремено долгот кон Лондонскиот клуб, за што издадовме подоцна еврообврзници и се исплати долгот, а кон Парискиот клуб заради тоа што Италија е една од членките на Парискиот клуб стави вето, да продолжиме со разговори, за да видием од каде сега тие бараат од нас нови 8 милиони долари. Дури, се случи една непријатна сцена, која еве ќе ја кажам. Имено, дојде италијанскиот амбасадор во Министерството за финансии со претставникот на компанијата која сега го репрограмира долгот овде заедо со Владата на Република Македонија, тоа е државната компанија која работи во Италија со скратеница САЧЕ, еден од помошниците директори на САЧЕ, кооперираат во цел свет и рече дека во разговорите со Белград и Загреб оцениле дека 8 милиони евра во долгови на Италија не се на Србија и Хрватска, туку се на Македонија и бараат од нас да го прифатиме со потпишување на договор резидуалниот долг и да си ги платиме 8-те милиони долари. Јас како министер за финансии во тој момент му реков на амбасадорот и на претставникот на САЧЕ, ако вие со српската и со хрватската влада сте договориле дека ние должиме 8 милиони долари, договорете се со нив како да ви ги платат, бидејки Македонија од 1990 година е независна држава и малку е непријатно вие со Хрватска и Србија да договарате дека ние должиме пари. Треба да ни презентирате сериозни докази зошто овие 8 милиони долари треба да ги платиме ние, а не со нив што сте преговарале, особено што и тука пишува дека ние нашиот долг го имаме договорено и потпишано со Италија уште во 1997 или 1998 година, мислам дека го потпиша господинот Таки Фити како тогашен министер, јас бев пратеник. Беше непријатно, ние решивме да

не плаќаме 8 милиони евра на убави очи. Како резултат на тоа, Италијанската Влада го блокираше предвременото отплаќање на Парискиот долг и тоа не се случи. Јас интимно сам за себе бев зачуден кога го слушнав сега министерот за финансии и премиерот, на една конференција кога објавија дека го плаќаат долгот кон Парискиот клуб. Прво што си помислив е дека овие 8 милиони долари некако се решени, или италијаните попуштиле, бидејки немаат документација, ќе си ги платат Хрватите или евентуално нашата Влада попуштила на политички притисок да плати 8 милиони евра.

Кога го добивме овој закон ми стана совршено јасно дека кога нашата влада попуштила на политички притисок да плати 8 милиони евра. Кога го добивме овој закон ми стана совршено јасно дека тоа се случило. Владата на Република Македонија претпоставувам, сегашната Влада, знаејќи дека овој процес трае малку подолго не се обидела да сокрие факти, што обично го прави по други закони. Знаејќи дека во тој процес беа инволвирани некои луѓе кои се сега тука пратеници од минатата Влада. Тука во прилог, од образложението, ако видите на претпоследната страница напишата осум аргументи зошто овој договор, евентуално вели аргументи за неприфаќање на овој договор. Значи, соопштени се затоа што тие не можат да се сокријат. Да не ги читам, ги имате пред вас. Нема документација, значи да се разбереме, овие долгови ги подигнала Привредна банка-Загреб, како банка што се задолжила. Тие долгови ги дала на тогашните, сега зборувам во терминологија на бившата СФРЈ, меѓутоа, тоа е нужно, овие се долгови од СФРЈ, на тогашните сложени организации на здружен труд, како што се “Раде Кончар”; “Јосип Краш” и други, со тоа што имаа обврска да инвестираат во тогашните неразвиени републики, како Македонија дел од својот бруто домашен производ, формираа или купуваа во Македонија свои ООЗТ. И со тоа го финансираа побрзиот развој на тогашните 4 помалку развиени републики. Така се создадоа “Фринко”-Битола како ОЗТ на СОЗТ - “Кончар”, “Прогрес” - Битола како ОЗТ на СОЗТ “Јосип Краш” и други кој сега не ги памтам. Имаа голема документација службите во Министерството за финансии. Привредна банка Загреб кредитите ги пласирала во нивните загребски компании за кои не постои доволно ниту воопшто документација дека тие кредити преку СОЗТ “Кончар” ги пласирале во Македонија, а на Италијанците им велат овие пари ги инвестиравме во Македонија, нека ви ги вратат тие. За тоа документација не постои. Впрочем, тука ако прочитате внимателно и самата Влада во образложението напишала дека постапката за задолжување се одвивала преку Загребачка банка, тоа што го кажав, Интерна банка “Раде Кончар”, имаа неограничена одговорност во секое задолжување, а гарант била Народна банка на Југославија. Има тука и други, сега не ми е пријатно да ги читам, затоа што се сите наведени во образложението на Владата. Знак дека Италијаните не се доволно во право, а нашата Влада направила сериозни отстапки, кои кога соопштуваа дека предвремено го отплаќаме долгот кон Парискиот клуб, за што ќе имаме заштеди од 10 милиони евра, сега импровизирам, во наредните десетина години или петнаесет, одвојте ги овие 8 милиони што ги прифаќаме а не се наши, ќе видите дека ние всушност плаќаме туѓи долгови загребачки, делумно и српски. И сум уверен дека Владата мораше да има поцврст став за што аргументацијата не е сменета, ниту се службите во Министерството за финансии и документацијата на овие компании променета. Тие се истите. Само се работи за политичка одлука на министерот и Владата, дали ќе прифати или не. Политички притисоци имало и тогаш, има и сега. Политички притисоци на пример беа во 2004 година ММФ не сакаше да го затвори успешно затворениот тогашен 16 месечен стенбај аранжман кој се случи во април 2003 година, заради тоа што на Бордот на ММФ пред затварање на аранжманот италијанскиот претставник на Бордот, кој е еден од големите акционери на ММФ вложи протест и рече дека ние не можеме да гласаме заради тоа што Македонија има аранжман, меѓу кои другото го уредува и надворешната солвентност на Македонија, тоа се клучот на аранжманите, а Македонија има долг кон една од членките на ММФ, кој не е вклучен и не сакаа да ни го поминат на Бордот аранжманот. Нормално дека италијанскиот претставник на Бордот не е како македонскиот да има 0,02% од ММФ, туку има неколку проценти од капиталот на ММФ и е влијателен. Меѓутоа, во дополнителна комуникација со ММФ и со другите членки на Бордот и со нашата конституенца, која што е претставник на Македонија, Холандскиот гувернер ги уверивме со документи дека тоа се не долгови што ние не сакаме да ги платиме, туку долгови за кои нема документација и нема спогодба, а напротив во 1998 година имаме спогодба со која италијаните кажаа да, ова е се што имаме меѓу нашите две држави и нема други и сега се појавува во разговорите со Хрватска долгови кои Хрватската држава сака да ги пренесе на Република Македонија, а после тоа поучени од тоа искуство и Српската влада. Бордот на ММФ ги уважи нашите аргументи, односно пренесени од Холандскиот гувернер како македонски репрезент и тоа се случи во идните сукцесивни, сите секции на Бордот, Италијанскиот гувернер да упатува и при склучување на сегашниот аранжман, сеуште е во тек дека Македонија не може да добие нов аранжман пред да ги прифати и ние повторно се убедувавме и секогаш успевавме да го убедиме Бордот на ММФ дека долг не постои, освен ако ние не сме се договориле дека тој постои, а после не го плаќаме. Значи, ние сме биле во право. Сме имале.

Сега, затоа почитуван претставник на Владата господин Предраг Трпески, прво не сакам да сфатите по ниеден основ дека ова е прашање на кое сега треба ние меѓусебно да полемизираме на начин кој не е достоен. Меѓутоа, во секој случај, штитејќи ги интересите на Република Македонија, апсолутно сметам дека Македонија и

Македонскиот парламент во овој момент нема доволно аргументација да го ратификува договорот кој вие сте го потпишале како Влада, односно Министерството за финансии со Италијанската влада, со кој преземаме долг, за кој ние немаме аргументи дека е наш. Тие пари завршиле во Загреб. И ние немаме никаква основа да плаќаме 8 милиони евра долгови на Загреб. На Република Македонија ова и се случува по втор пат. Еднаш знаете, тука сме 4 пратеници од првиот состав, како реликвии останати во овој Парламент дека нашиот Парламент еднаш ваква расправа неуспешно водеше 1992 година кога после дисолуцијата на Југославија долговите на сличен начин Љубљанска банка кон Македонија практично не сакаше веќе да ги сервисира со преку ноќ гаснењето во Словенечкиот парламент и преку ноќ усвојување на друг закон со кој од Љубљанска банка се регистрира нова Љубљанска банка и не ги презеде долговите и Љубљанска банка, ако добро се сеќавам денеска е Македонска банка, една од тоа време проблематични банки, но сега како што знаеме има лиценца за работа, стабилизирана е, подобро или полошо, меѓутоа работи. Значи, ние не сме должни ако има сираче од дисолуцијата на Југославија во финансиска смисла, Загреб и Белград да одлучат, дајте им го на Македонија. Нека си ги преземат овие две држави тие. Затоа што во таа дисолуција секогаш кога нешто треба да се дели, Република Србија е големиот југословен. Сегашна Република Србија. Па, кажува дека дипломатските претставништва на СФРЈ влечеле корени од СХС, од Кралство Југославија па од СХС, па влечат корени од Краљевина Срба пред 918 година, па тие биле здружени во СФРЈ и останале како ДКПА на СФРЈ, па затоа тие не мислат да ги делат со нас. Армијата не мислат да ја делат со нас, се е нивно. Меѓутоа, кога ќе дојде за финансиските обврски одеднаш ништо не е нивно. Одеднаш Македонија да ги плати. Значи, овие преговори мислам дека не случајно 3-4 години стоеја во место со сериозни притисоци. Дури и министри во Владата на Македонија во поранешни состави, сметале дека е подобро да попуштиме на италијанците, заради политички односи, меѓутоа, знаете како, првиот кредит го открија кај Хрватите, па вториот кај Хрватите, па третиот во Србија и на крајот дојдоа до 8 милиони евра. 8 милиони евра е повеќе од Буџетот на Републичкиот парламент во Република Македонија, годишниот буџет. Така што, не сум сигурен дека толку лесно треба да го прифатиме овој договор. Јас навистина, сеуште имам резерви дека тие долгови се наши. Сеуште имам резерви и сеуште имам резерви на начинот на кој Република Македонија ги прифаќа сукцесивно со таа пракса 1991-1992, тогаш веќе заврши, сега повторно да влеземе во прифаќање на обврските од нивните банки.

Господине претставник на Владата, господин Трпески добро е што имавте како Влада доблест дел од тие причини да ги наведете и тука и ако видете по број, вие вака велите. Аргументи кои се во прилог на овој долг, е долг на Македонија кои се следниве: 1, 2 и 3, а аргументи кои се против тоа да биде долг на Македонија се 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8. Значи, бројот на аргументи контра овој долг е 8:3 за нас. Така што не сум баш сигурен дека овој долг треба да го прифатиме.

Од тие причини претседателе знам дека е тешко во Собранието да се отфрли договор кога Владата го потпишала, за што тоа сега нејзе ќе и донесе, малку ќе и одземе кредит, а уверен сум дека е направено без никаква потреба. Предлагам, претставникот на Владата да го повлече, да се разгледа уште еднаш, да започнат уште еднаш преговори со Италијанската влада, да се лоцира каде завршиле тие пари, со оглед дека нема доказ дека се завршени во Република Македонија, без никаква потреба да не си ги плаќаме. Уште еден доказ за тоа е следново: од овие 8 милиони евра, Италијанската влада вели преземете ги вие, па за еден милион евра јас ќе ви направам програми за компјутеризација на училиштата, ако добро разбрав овде што е, ако е така. Значи очигледно дека имаме малку проблематичен договор и јас лично сметам дека Парламентот заради тоа што е таква институција не би требало да го отфрли договорот, меѓутоа исто така не мислам дека не би требало атхок да го прифати на штета на Република Македонија дека е најдобро да се повлече и уште еднаш да се поразговара додека не се расчистат работите да не биде изнесување на аргументот на сила од страна на Италијаните дека нема да отплатите предвреме, дека ваму ќе ве блокираме, нема да склучите договор со ММФ ќе ве блокираме. Тоа е политика која повеќе личи на некои други соседи на Македонија, отколку на Италија и затоа сметам дека треба да се продолжи со преговорите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам потпретседателе, ова што го изнесе пратеникот Поповски е така. Во 1998 година Македонија го има регулирано својот долг кон Италија. Овој долг го пријавува после 1998 година. Она што го кажа за Србија, за Хрватска така е, ама јас би дал и едно надополнување на сето тоа. Македонската влада го потпиша овој договор со италијанската страна не само врз основа на тоа што кажале Србија и Хрватска, туку врз основа на презентирана документација како доказ дека овие средства влегле во Република Македонија. Покрај документацијата која што беше приложена од италијанската страна ние како доказ, односно тие како доказ го потврдивме и видовме дека за она што ние сме го прифатиле во Република Македонија како долг на Република Македонија постои евиденција во Народната банка на Република Македонија, а тоа се кредитните пријави кои што се регистрирани во Народна банка на Република Македонија и кои што можат да се видат дека овие средства влегле во Македонија. Она што не беше регистрирано и она што Италијанската влада немаше доказ дека е

наш долг, тоа се оние милион и 800 илјади евра, кои што италијанската страна ќе ги затвори со тоа што за овие проекти од социјално развоен карактер ние веќе имаме обезбедено средства. Тоа се наши средства. Доволно е само на Италијанската влада да презентираме дека овие проекти се извршуваат и овие 1,8 милиони евра се да се отпишат. Инаку, за остатокот од долгот беше презентирана соодветна документација и доказ е, односно релевантен доказ за тоа е дека овие средства влегле во Македонија, се кредитните пријави што се регистрирани од Народна банка на Република Македонија. Владата можеше овој процес на преговарање или договарање со италијанската страна да го одоговлекува уште година, две, пет, десет, но на крајот на краиштата некогаш мора да се седне и да се заврши работата. Ние исклучиво, односно македонската страна исклучиво ги гледаше доказите и единствено нешто со кое што нема да се согласам со пратеникот Поповски, поранешниот министер за финансии е дека овој билатерален договор е потпишан врз основа на презентирани докази. Она за што имало докази и за што имало пишан материјал тоа е прифатено. Она што нема докази, тоа не е прифатено. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе,

Ќе се обидам да бидам сосема краток, но на почетокот дозволете ми, пред некој ден читав една колумна од познатиот професор Венко Андоновски во "Утрински весник" и не искритикува и со право, нас пратениците дека кога дискутираме зошто седиме и дискутираме седејќи и е сосема на место забелешката. Но еве, да кажам, отсега кога ќе дискутирам многу кратко да не губиме време, иако ја почитувам таа негова забелешка. Ние немаме технички можности од место да станеме па да дискутираме со оваа техника, но дозволете ми да кажам неколку збора. Заменик министерот и вчера кога дискутиравме за госпоѓа Кавракова го повикавме да даде објаснување и после јавувањето на пратениците се јави. Денеска е иста ситуацијата и воопшто не го обвинувам заменик министерот, затоа што сум свесен и знам дека ваквите лоши работи кои што се прават се прават задскриено во круг на 2-3 од Владата кои што ниту ги информираат останатите министри, а камо ли замениците и пратениците на крајот нас.

Она што го дискутираше господинот Поповски верувајте, ценејќи ја неговата досегашна работа и начинот на кој што тој работел и постапувал кога никогаш не гледал еднострано да речеме, или да штити нечии интереси, она што му било во главата го кажувал, целосно му верувам. Ова сакам да го поврзам со една работа. Два-три дена или колку, две-три недели слушаме нон стоп како и пратениците се одговорни за потпишувањето на Договорот за ОКТА, бидејќи пратениците го изгласале тогаш, не го виделе.

Морам да признаам и една друга работа. Никола рече тие се 4 пратеници кои што се во сите состави. Мене ми е трет мандат. Најотворено кажувам дека голем дел од договорите и ратификациите во овој Парламент не сум ги читал. А верувам дека од 120 пратеници, зависно кој кога некој ќе го интересира од тие договори, еден или двајца пратеници, од одредена област некогаш ќе ги прочитаат. Јас кажувам за себе дека во најголем дел не ги читам, посебно за области кои што не ги познавам. Но, ова што сега господинот Поповски ни го зборуваше, отвори едно големо прашање. Не ли ни е доволно она што се случува со ОКТА и гласањето на пратениците, барем да ни послужи како поука. Во најмала рака, ако некој треба да дојде овде и отворено да зборуваме, ако е политички притисок и политички интерес на Република Македонија и покрај тоа што нема докази до крај, бидејќи како што кажа и заменик министерот за дел има аргументи, за дел нема, така стои и во Договорот.

Како пратеници да оцениме дека е политички интерес на Република Македонија тоа нешто да се направи. Но, во најмала рака што треба да дојдат овде и тоа да ни го кажат се господинот Славески и господинот Ставрески. Тие двајца ја водат оваа работа. Немојте после две, три или пет години да излезат да речат, што сме ние виновни, пратениците го изгласаа, а и јас и вие овде од владеачкото мнозинство, не знаеме ама баш ништо што се случило околу оваа работа. Уште поголем е проблемот што нас не ни функционира, не по кривица на било кој, се знае од кои причини не ни функционира Комисијата за финансирање и буџет. Ова не можевме подетално да го разговараме на Комисијата за финансирање и буџет.

Јас сакам да апелирам до сите пратеници, изгледа работата е посериозна од тоа што ние мислиме, па да не се туфкаме, по нашински кажано, после откако ќе изгласате. Мојот предлог е за овој договор да се приложат сите документи кои одат во аргументацијата дека треба да се прифати односно да се ратификува договорот. Повторно ќе кажам, тоа треба да го направат министрерот Трајко Славески и господинот Зоран Ставрески, за да согледаме, дали навистина како пратеници, затоа што господинот Поповски што му верувам и ја знае таа проблематика затоа што бил во тек со тие разговори, не остави некако на половина со неговиот предлог. Еднаш рече дека не е добро ако како Парламент не го изгласаме, но од друга страна е уште полошо ако се изгласа Законот за ратификација.

Би завршил со предлогот и апел до сите пратеници, да го подржиме предлогот, да се повлече овој Предлог-закон, да ги добиеме сите аргументи по однос на Законот и на крајот да знаеме точно за што сме гласале. Уверен сум, еве јас тргнувам од себе, па кажувам за сите колеги пратеници што ќе гласаат за, не знаете зошто гласате за овој закон за ратификација, не од тоа

што не сте способни тоа да го сфатите, туку заради тоа што некој од нас пратениците крие нешто што го направиле. Мислам дека случајот ОКТА треба да ни биде опомена на сите нас пратеници. Еден колега пратеник кој тогаш гласал за договорот за ОКТА, во овој Парламент, даде изјава, па не знам, рече, кој видел што има во тој договор. Таква изјава имаше во медиумите. За повторно да не ни се случува ова, мислам дека предлогот на господинот Поповски е од интерес за сите пратеници поединечно, да го прифатиме и овој договор да го вратиме Владата уште еднаш да го разгледа, да седнеме, ако не можеме на Комисија за финансирање и буџет, што не се закажува, тогаш, со оглед на тоа што е меѓународен договор, пред Комисијата за надворешна политика. Помина на Комисијата за надворешна политика, никој овие аргумети не ги знаеше, никој не ги знаеше на Комисија за надворешна политика. Сега на таа Комисија може сите овие аргументи да се продискутираат за во иднина да не ми тежи да после 4-5 години да држиме прес-конференции, секој поединечно од оние што ќе гласаат за, да кажат за пет минути помина, не го видовме договорот, не ни кажаа аргументи што да правиме, го изгласавме. Затоа мислам дека предлогот на господинот Поповски е прифатлив и дека еднаш треба да ставиме крај на овие работи и да кажеме дека пратениците мора да бидат информирани за што гласаат.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Има збор господинот Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека малку се подотвараат работи кои навидум, околу ратификациите, одат лесно. Мислам дека поучени од искуството со, како што кажа господинот Најдовски, со ОКТА, практично тоа е задолжување на граѓаните на Република Македонија што, како што кажа и господинот Поповски, однос 3 за, а 8 против, аргументи што и самата Влада ги имала, да се одлучиме 8 милиони евра до граѓаните да ги потврдиме како долги за проекти кои биле во некои компании или фабрики во Република Македонија, како што се Раде Кончар или Фринко.

Она што можам да го забележам е тоа што господинот Славески како министер за финансии се сеќаваме, не сакаше да го ратификува или да го потпише договорот за ослободување од двојното оданочување со Австрија, кога беше тука присутен и министерот и претседателот на Австрија, но се реши да ратификува еден договор каде треба Македонија да најде 8 милиони евра кои би ги дала кон Италија.

Она што е моја дилема е образложениeто на Владата со три аргументи за и 8 против, завршува со договор постигнат на Владата на 16 јануари, или со заклучок, во кој е одлучено да започне преговори за конвентирање проекти од социо-развоен карактер и наведени се неколу. Моето прашање е следното:

Еден од проектите е компјутеризацијата на основните училишта, каде во табелата средства обезбедени од Буџетот се наведени 500 милиони денари или 8 милиони евра, колку што е целиот долг што треба да го плаќаме и пишува дека временската динамика на овој проект е септември 2007 година.

Компјутеризацијата на основните училишта беше еден од проектите кој многу пати беше најавуван од Владата и кој го доживеав јас. Знаеме дека само во три училишта и тоа наменски, Владата, во едно само за да се слика на отворањето, постави лабораторија со компјутери. Откако го намали ДДВ за компјутери, веќе никој и не ни купува во државата, туку чека ние во Собранието да го донесеме, се надевам овој денеска закон кој ќе го подржиме и ние. Но, станува сомнеж дали огромниот број на компјутери кои треба да се набават, а за кои тендерот одамна е завршен, можеби го чека намалувањето на ДДВ, но тоа е друга работа.

Моето прашање е дали овој проект што требаше да почне на 1 септември, а не почна, сега ќе се репрограмира со програма и ќе се замени со опрема од италијанските компании кои треба да го подржат овој проект и дали тој изнесува 8 милиони евра, како што е наведено во табелата. Мислам дека во цените на проектот се наведени САЧЕ, значи за едно идеално дигитално основно училиште до кое нормално ќе дојдеме, на сите работи кои се набројани, мислам дека се малку пренагласени и не држат. Затоа моето прашање е, врз база на заклучокот што го донела Владата, дали овој проект стартува, ќе стартува, доцни, дали треба да го бајпасира неуспешниот проект за компјутерите во основните училишта и дали тоа ќе биде со опрема што ќе ја опремат италијанците или тоа ќе биде дел од некој тендер на кој ќе се избира опремата и кој е тој проект, дали тој проект е донесен врз база на кој спецификациите и стандардите ќе наложат која е таа информатичка комуникациска опрема, како што е наведено овде, ќе биде дистрибуирана и инстарлирана во основните училишта. Многу дилеми. Се плашам прелесно парламентарното мнозинство да не гласа нешто за кое ќе се задолжиме со 8 милиои евра или ќе издвоиме од Буџетот на Република Македонија, граѓаните што ги плаќаат давачките, за долг кој Хрватска и Србија го пријавиле дека е на Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Јас уште еднаш ќе кажам и претходно имав образложение, но сакам да бидам јасен.

Тие 1,8 милиони евра, кои ќе се компезираат со проект, не значи дека ние ќе се задолжиме во Италија за тоа или дека ќе увеземе италијанска опрема. Не станува збор за тоа. За овие пари едноставно нема доказ дека ние ги должиме, а овие пари за овие проекти ние си ги имаме, тоа се проекти кои се предвидени од наша страна и ќе се реализираат. За да се затвори целиот круг, за да

се затвори италијанската страна тоа ќе се компезира на овој начин, значи за да се затвори и она што италијаните велат дека е наш долг спрема нив.

Уште еднаш сакам да повторам, она што ние сме го прифатле како долг, како Влада сме прифатиле се она за што има аргументи и се она за што има писмени докази.

Уште еднаш ќе повторам, погоема доказ дека има кредитна пријава регистрирана во Народна банка на Република Македонија, нема. Тоа е најголемиот доказ кога овој долг бил наш, а не се базираме ние на тврдењата на Хрватска и Србија дека тие рекле демек долгот бил наш и сега ајде ние веднаш ќе го прифатиме. Има писмени докази, има траги, така што сега можеме да спориме тука, можеме да дискутираме уште долго време по однос на тоа. Но, тоа е тоа.

**Бесим Догани:** Благодарам господине заменик министер.

Три минути реплика за господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас го сфаќам објаснувањето на заменик министерот, но во едно треба да бидеме во едно јасни. Не не убедивте до сега дека навистина постојат сериозни аргументи за прифаќање на овој долг. Но, едно дополнително размислување, велам со голема доза да погрешам, ние не знаеме за што ќе гласаме денес, затоа што некој крие нешто повторно од нас, но тоа е друга работа. Дополнително прашање: компаниите кои што вие ги спомнувавте во Македонија дека земале кредити сите се приватизирани, па ме интересира кога ги земале кредитите, се отвара ли таа постапка, дали тие ги вреќале кредитите или сега повторно сиромашниот македонски граѓанин ќе му ги плаќа долговите не некој што ги приватизираше тие компании, а дел од тие компании знаеме кои луѓе ги приватизирале и со кои луѓе се блиски.

Затоа, мислам дека многу е замачкана работата и не смееме како пратеници да дозволиме така да помине. Но сепак, парламентарното мнозинство си одлучува со гласање и одговорноста нека биде на нив. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госодине Најдовски.

Три минути за реплика има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, иако сега селекторот Груевски направи измена на позициите, па во игра го внесе повисокиот по хиерархија играч и мислам дека тоа ќе внесе дополнителна информација која беше хендикеп на помошник министерот, бидејќи немаше многу информации.

(Реакции во салата)

Потпретседателе, знам дека немате некој механизам да ги смирите бидејќи тоа е дел од работата, но би сакал да појаснам. Ако самото Министерството имало дилеми, значи самото Министерството што ни го испрати ова, верувам дека ова е од Министерството за финансии, не верувам дека е од Министерството за внатрешни работи, иако се двајцата предлагачи. ако самото Министерството има три аргументи во прилог за признавање на овој долг, но има и 8 аргументи за неприфаќање на овој долг како македонски, дозволете и пратениците да отворат дилема. 8 милиони евра не се мали средства, затоа бараме појаснување. Ако за парламентарното мнозинство се премногу лесни за притискање, во ред, но мислам дека граѓаните на Република Македонија треба да добијат повеќе информации, бидејќи заменик министерот не одговори сакам уште еднаш да прашам: дали овој проект за кпмпјутеризација на основни училишта ќе го бајпасира проектот “100 илјади компјутери”, што не профункционира во септември, бидејќи профункционира само во три училишта и тоа реков наменски само за да се сликаат министерот и премиерот. Дали остануваат тие 100 илјади компјутери, дали овие ќе ги дополнат овие пари што фалата за да се докупат тие и дали тоа ќе биде само опрема што се дистрибуира и инсталира во основните училишта како дел од некој проект. Тоа беше моето прашање, затоа се надевам дека министерот за финансии ќе ни појасни која била точно одлуката на Владата на 16 јануари каде што се решиле овие проекти да се финансираат, да се репрограмира или регулира овој долг. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Сметам дека се она што го кажа мојот заменик од збор до збор на секој пратеник овде му дава јасна слика дека се работи за сосема регуларна состојба поткрепена и со документи, со која Република Македонија решава еден долгогодишен проблем.

Почитувани, да ве потсетам дека нашите дипломатски претставици и делегации не упатуваа на фактот дека пред секоја дипломатска средба со италијанска страна, тоа е вообичаена практика во дипломатијата, првото прашање кое било поставувано е прашањето, или било прашањето, затоа што претпоставувам дека со изгласувањето на денешната ратификација тоа ќе стане минато, прашањето на нерегулираниот долг што го имаше Република Македонија спрема Италија.

Ова прашање беше и проблем кој со разбирање на италијанската страна беше надминат иако не до крај решен и при спогодбата што во јануари министерот за финансии ја потпиша за предвремена отплата или ликвидирање на долгот што Република Македонија го има спрема Парискиот клуб. Потег со кој стекнавме огромни поени во меѓународната финансиска заедница и јавност.

Јас само да го потврдам тоа што беше во неколку реплики спомнато, според моите информации од заменик министерот за финансии. Тој инаку не се јавил за образложение, затоа што практика е и на Парламентот кога станува збор за ратификации за кои не се поставуваат прашања посериозни што не е случај и овде, да не се троши времето за образложени, но еве вие го заслужувате тоа да го слушнете од министерот за финансии. Се обраќам и до почитуваната опозиција и до парламентарното мнозинство. Министерот за финансии стои од збор до збор, од постапка до постапка зад ова што е овде презентирано. Со ова Република Македонија решава еден долгогодишен проблем, наследени проблеми од функционирањето на финансиските системи во СФРЈ, тогашна СРМакедонија и транзицијата, распадот на Југославија. Значи, за 6 кредити во износ од околу 7 милиони евра постои целосна документација при Народна банка на Република Македонија. Значи беше употребен износ во една од дискусиите или реплики од некаде 8 милиони евра. Уште утре вие како пратеници имате целосно право да отидете во Народна банка и да ја побарате таа документација целосно според сите процедури. Има 6 кредити во висина од 6, 7 или 6,8 милиони евра, затоа реков приближно се таму регистрирани, затоа што според сите процедури преку Народна банка се дојдени или ги користеле претпријатија, фирми на територијата на Република Македонија, тогашна СРМакедонија. Еден кредит е надвор од овие процедури и е стигнат преку Загребска банка на тогашен “Раде Кончар”.

Но, претпоставувам дека има почитувани пратеници кои потекнуваат од тој крај, знаат дека “Раде Кончар” имаше фабрика која подоцна се именува во “Фринко”, така ми се чини, во Битола. Постои целосна документација дека тие средства од тој седми не алоциран кредит се искористени во “Фринко” во Битола. Опремата е тука. Што било после во оние турбуленции околу грабежот и нерегуларната приватизација, тука имате право да поставите прашања затоа што знаете како се одвиваше тогаш процесот на трансформација на претпријатијата во Република Македонија. И да беше тогаш регуларна приватизацијата, сигурно немаше денес 2007 година да дискутираме за овие прашања, да алоцираме долгови кои навистина останале.

Значи, целосно сме убедени дека тој долг или кредит е искористен за набавка на опрема на субјект со седиште во Република Македонија.

Токму заради тој факт, заради дилемите кои овде ги наведовме во образложението, уште еднаш потврдувам од што произлегуваат, произлегуваат од нерегуларноста на процесот на трансформација на претпријатијата во општествена сопственост во тоа време.

Заради тие дилеми италијанската страна понуди овој долг на Република Македонија, до колку Република Македонија го прифати да не се враќа, туку да се стави на располагање во висина од 1,8 милиони евра, ми се чини, за финансирање на проекти. Не е ратификувана оваа спогодба и никој не размислувал во Парламентот и никој до сега не размислувал дали ќе одат за едно, друго, трето, дали ќе се пополнуваат вакви или онакви празнини. Имаме средства во вид на грант кои понатаму со една редовна, транспарентна процедура ќе се користат.

Почитувани, тоа е целосната вистина. Морам да признам дека некои аспекти на ова прашање побудиле интерес и кај членовите на парламентарното мнозинство и верувајте и заради едните и заради другите, напуштајќи многу сериозни обврски, дојдов овде пред вас со намера да останам и за следната точка. Ве повикувам со чиста совест да ја изгласате оваа ратификација, да го затвориме ова прашање, ова е билатерален договор, билатерална спогодба, верувајте и и на македонската страна, верувајте им и на Италијаните затоа што разговорите се водени во повеќе наврати во Скопје и Рим со сериозен пристап од страна на сериозни експертски екипи и овој процес е целосно транспарентен и пред Владата на Република Италија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Господине Поповски за реплика или за збор?

За збор, повелете.

Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Кратко, нема да се повторувам.

Господине министер, не станува збор за 2,8 милиони евра кои тука, како што сфаќаме, во социоразвојни проекти и тн., туку станува збор за тоа што вие едноставно го преминавте. За осумте милиони евра или поединечно 6,8 милиони евра и 1,2 милиони долари, приближно осум милиони евра за кои сте утврдиле дека е чиста работа и за кои не ги ставате под никакво сомнение затоа што имало документација во Народната банка на Република Македонија.

Првото прашање е следно: Народната банка на Македонија е истата институција од 1998 година. Зошто во 1998 година Владата на Република Македонија кога го потпишала договорот со Италијаните ниту Италијаните ниту Владата на Македонија не презентирала документација дека во Народната банка на Македонија и во соодветната италијанска институција која и да е има уште осум милиони. Зошто тогаш се прескокнати. Како документацијата одеднаш сега се појавила. Јас знам дека има некаква документација, меѓутоа, таа документација исплива на површина, целосна или нецелосна, тука ќе се повторуваме, нема потреба, откако Италија ги почна преговорите со Хрватска и со Србија. Во Белград им рекоа одете во Македонија по тие пари и тие дојдоа во Македонија по тие пари или во Хрватска.

Значи, проблемот е тој, второ, сами кажувате, ако добро ве разбрав, меѓутоа, тешко е да се разговара на отворена седница на Парламент,

дека  сите дипломатски и политички контакти со Италија завршуваат или почнуваат или по средината помеѓу другото се спомнува тоа. Очигледно дека постои политички притисок врз Македонија што вие сте го констатирале тука и тука пишува со цел Македонија и понатаму да одржува добри билатерални односи со Италија, што е  исклучително политичка презентација на договор за финансиски обврски.

Самиот факт дека Владата упатува на тоа за да имаме добри односи со Италија ајде да го признаеме овој долг е малку проблематична. Можеме и обратно ајде Италија нека биде малку повеликодушна од нас.

Трето, тие односи не се односи кои произлегуваат, како што вие овде ги кажавте, дури ме чуди каков термин употребивте, вие сте сепак министер за финансии, можам јас тоа да го употребам, кажавте дека приватизацијата во Македонија завршила незаконски и нерегуларно. Мислам дека, без рзлика кој од нас што политички мисли е некоректно за илјадници фирми во Македонија тоа да го правите и да го кажувате од тука дека завршила приватизацијата некоректно. Меѓутоа, вие тоа го кажавте, тоа може да предизвика сега да ги поништиме сите, еве јас би се согласил со вас, ама вие сте поодговорниот. Овде не се работи за приватизација на Македонија, овде се работи на релација претпријатие во Македонија и претпријатие во Србија или во Хрватска кои во бивша Југославија биле во корелација на претпријатие со седиште во Хрватска или Србија и погон во Македонија кој е претворен во тие релации СОЗТ со цел развојната помош за Македонија преку ФНП да се дистрибуира преку нив. Сега таа развојна помош трансферира преку кредитите што тие ги земале, завршува како наша обврска што конечно не е целосно коректно. Ние можеме да веруваме или да не веруваме на вашиот збор, имате документација во Народна банка, тоа ни го кажа и пред пред претходниот министер за финансии и тогаш гласавме за договор за консолидирање на долговите од 1998 година кој ги немаше тие документи.

Мислам дека многу лесно сме се определиле дека 8 милиони ќе ги дадеме така. Мислам дека сега Владата плива во пари кои ги критикува секој ден од ЕСМ Македонија и затоа вака лесно си ги дели лево десно.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Господине министер за реплика или за збор?

За реплика, повелете господине министер.

**Трајко Славески:** Одговор на првото прашање.

Господине Поповски институционалната меморија во Министерството  за финансии помага во вакви случаи. Вие бевте министер до 2005 година кога од италијанската страна ви е доставено барање на 15,5 милиони евра како пропуштен долг на Република Македонија кон Италија што од 1998 година Италијаните со извинување во тоа писмо кажуваат дека го немале во вид.

Значи, ние сме затекнале ситуација во која Италија побарува 15,5 милиони евра. Со проверки сме ги убедиле Италијаните дека можеме да разговараме за овој долг што е овде презентиран за шест кредити кои се преку Народна банка на Република Македонија регистрирани и еден последниот “Раде Кончар” - “Фринко”. Тоа Италијаните го прифатиле. Тоа треба да се смета како доблест, како успех. Како што исто така во должничко доверителските односи, како доблест треба да се смета, ако сакате уште еднаш да погледнете во нешто што можеби сметате дека сте го завршиле. Не била завршена работата затоа што обврските, оние што постојат, во овој случај не застаруваат.

Значи, станува збор за барање на Италијанската Влада, покрај договорот од 1998 година да се утврди дополнителен долг на Република Македонија. Ние сме можеле да кажеме не, што не ви текнало 1998 година, не ни е гајле сега и тн. и каква ситуација ќе имавме? Не можевме да постигнеме спогодба со Парискиот клуб, ќе имавме отворен проблем, отворено прашање со Италијанската Влада што не врши притисок. Никаков притисок немало. Лично на мене во овој период немало никаков притисок, не знам врз вас затоа што овој проблем датира од ваше време. Така? Немало никаков притисок, тоа го поставивте како прашање. Фактички се работи за една добра волја да се решат отворени билатерални прашања онаму каде постои документација. Ние тоа го потврдивме, стоиме зад тоа, а прашањето ФНП, односи меѓу СОЗТ, ОЗТ е прашање од минатото. Јас приватизацијата ја спомнав единствено во контекст за која илјадници страници сум напишал дека беше така како што беше, како што вие ја окарактеризиравте. Јас спомнав единствено во контекст на тешкотијата целосно да се документира  случајот на кредитот кој го користел битолскиот субјект, битолското претпријатие подружница на тогашна “Раде Кончар”, благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Контра реплика има господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам, бидејќи сум последен, не е контра реплика, збор е, нема да злоупотребам, минута две.

Токму од причините господине министер што сега јас сум во непријатна ситуација, имавме дебата пред да дојдете, непријатно е да повторувам неколку пати и нема да повторувам. Токму од причините што ги наведовте јас лично сметам дека не се искористени сите механизми на преговори на начин кои ќе го заштитат интересот на Република Македонија. Впрочем, имам впечаток дека  политичкиот притисок на Италијаните ја загрижуваат Владата до мера таа лесно и брзо решила да отплати 8 милиони евра кредит односно неколку кредитни линии со вкупен износ од 8 милиони за да го симне од врат

политичкиот притисок. Инаку, претпоставувам дека ви е јасно дека еден вид на политички притисок од страна на Италијаните е дека вие нема да може да ви се дозволи да го отплатите долгот сумарен, агрегатен кон Парискиот клуб на доветители до колку овие преговори не финишираат. Со оглед дека на Италијаните не им се брза за отплаќање на нашите обврски кон Парискиот клуб, а нам ни се брза од едноставна причина што предвремената отплата и финансирањето на таа отплата од парите од ЕСМ или од евро обврзници или од други поефтини извори ни носи пари, што значи дека Италијаните вршат притисок и тој не е нелегитимен. Едноставно викаат додека ова не го решите Парискиот клуб не ви даваме да го отплатите. Врзани со времето вие носите одлука, преговорите брзо да се затворат во корист на Италија со цел да ги отплатиме средствата кон Парискиот клуб. Притисокот постои, меѓутоа јас лично сметам дека тој вид на притисок вие сте морале да бидете резистентен да го издржите. Инаку, вие не бевте тука, ќе ви повторам уште нешто. Уште нешто што претпоставувам дека евентуално го знаете од, како викате, институционалната меморија на Министерството за финансии, за што во финансии навистина има добра стручна служба и администрација која сакам јавно да ја пофалам.

Италијаните вршат притисок на секој преглед на аранжманите на Македонија со ММФ пред Бордот на ММФ. На секое склучување на нов аранжман и на секое заклучување на аранжманот, кажувајќи дека не се волни да го поддржат аранжманот затоа што Македонија има неразрешени кредитни односи со Италија, па секогаш сме успевале нашите претставници во Бордот, а знаете дека тоа е гувернерот од Холандија со нашата аргументација да докаже дека тоа не може да се стопира заради тоа што долгот е регулиран во 1998 година, ова се нови моменти кои, додека не завршат преговорите, не можат да бидат пречка. Значи, имало притисоци само треба на нив некогаш малку да се спротивставиме. Вака сметам дека сме го одбрале најлесниот пат да ги платиме парите. Зошто да ги платиме толку лесно, затоа што ги има на претек. А, зошто ги има на претек? Ги има на претек заради тоа заради што вие и вашите портпароли секојдневно ја критикуваат претходната Влада, за тоа ги имате парите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

За збор се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица филипова:** Благодарам почитуван потпретседател, колеги пратеници, министер.

Во вашето образложение по вклучувањето по оваа точка кажавте дека се било јасно, дека нема потреба од дилеми, да ви веруваме на зборот.

Јас би сакала да ви верувам на зборот, меѓутоа, дали ги погледнавте, од нашиот материјал, последните две страници господине министер? Прилог кон образложението за дополнително утврдени долгови. Во овој прилог кон образложението дадени се три аргументи како што се наречени аргументи кои се во прилог на тоа дека овој долг претставува долг на Република Македонија и ги има набројано три точки и потоа следува она што не буни нас пратениците аргументи за неприфаќање на овој долг како македонски се следниве и се набројани осум аргументи.

Во тие осум аргументи кои се набројани, кои би служеле за неприфаќање на овој дел како македонски, стојат токму аргументите за кои вие говоревте дека се јасни и дека треба да ви веруваме.

Под број 1 стои - не постојат кредитни пријави во Народна банка на Република Македонија како принцип и доказ дека македонска фирма има склучен кредитен однос со странство, а вашата аргументација се базираше точно на ова дека постојат кредитни пријави во Народна банка. На кого да веруваме?

Под број 2 - постапка за задолжување кај “Раде Кончар” се одвивала преку Загребачка банка и “Раде Кончар” - во Интерна банка која, според правилникот била одговорна за отплата на кредитите. “Раде Кончар” како СОЗТ имал неограничена одговорност по секое задолжување, а гарант била Народна банка на Југославија.

Под број 3,4,5,6,7,8.

Јас би сакала да ви верувам господине министер, меѓутоа, дали ова образложение кое сте го дале на последните две страници би ви послужило само како покритие, деновиве е многу актуелен случајот ОКТА во кој разбираме или повторно се повторува дека Парламентот го изгласал договорот, го верифицирал без да го има, па потоа дека вториот пат кога го верифицирал ги немал анексите.

Дали ова покритие ќе служи за евентуални натамошни критики дека во Парламентот било дадено во образложение, биле дадени три аргументи за и осум аргументи против, но и покрај тоа пратениците свесни дека влегуваат во не толку јасна потврда на, замислете цели осум милиони евра, го изгласале.

Почитуван министер, не ве слушнав да објасните зошто сте ги дале овие аргументи и зошто, ако има осум аргументи против гласање на оваа верификација и понатаму тврдите дека е се во ред.

Уште едно сакам да повторам дека како опозиција СДСМ до сега ги гласаше сите ратификации, дека вакви дискусии на предлог точки за ратификација на меѓународни договори немало, меѓутоа, последните две страници од текстот кои ги добивме, а уште повеќе образложението и дискусијата на поранешниот министер за финансии Никола Поповски кој ги познава работите токму околу овој договор, околу долгот од осумте милиони евра кои не влегле при регулација на долгот во 1998 година, туку е нешто спорно, денеска барате да ги признаеме.

Јас се надевам дека ќе појасните зошто сте ги навеле овие аргументи против визави три аргументи за. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Филипова.

За збор се јави господинто Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, јас ќе се потрудам да бидам што пократок и ќе бидам краток. Еве, кај мене после овие дискусии од министерот Трајко Славески и од колегата Никола Поповски ме наведоа да кажам односно да се обратам и да го прашам министерот односно да му укажам како оваа Влада толку лесно прифатила да преземе како свој долг односно како долг на државата овој кредит од 8 милиони евра што колегата Никола Поповски, како бивш министер во Министерството за финансии, успеал да ги издржи овие притисоци и не го прифатил овој долг кој што еве италијаните повеќе годинине притискаат да го прифатиме.

Пред тоа министерот Трајко Славески кога дојде малку поопширно објасни што како течеле работите околу овој кредит. Пред тоа заменикот на министерот даде малку поштури информации, објаснувајки дека во Народна банка има кредитни пријави со кои што се докажува дека Македонија треба да го врати кредитот кој што за време на СФРЈ, или бивша СРМ го има направено фринко преку Раде Кончар.

Моето јавување беше почитуван минситре за да ви укажам на тоа дека постојано ја критикувате претходната Влада, јас во неколку наврати обично повеќе имам полемизирано со заменико тна минситерот, бидјеки тој повеќе е во оваа сла и имам кажано дека претходната Влада почитуван минситер, како што беше кажано и пред малку обезбедила девизни резерви со кои што вие сега се чукате по гради дека ги враќате кредитите према Светска банка, Париски клуб и т.н. Дека ќе заштедиме толку и толку милиони евра ако ги вратиме предвреме.

Почитуван минситер мислам дека вие подобро знаете дек аи претходната Валда и претходниот минситер можел да враќа такви долгови но овие резерви кои што се заштедени во Република Македонија во мандатот на претходната Владата секако се за доброто на Република Македонија, а вие сега предвреме ги враќате кредитите. Тоа ми беше едната поента.

Другата поента, колегата Никола Поповски рече пред малку, значи не е спорно дека Италија има вршено притисок и врз претходната Влада, претходниот минситер, на сегашната Влада и врз вас како министер за финансии, но вие треба да издржите на овие притисоци и така лесно да не се откажеме од овие 8 милиони кои не се сигурни дали се прав долг, иако вие кажувате дека во Народна банка на Македонија иманекој кредитен прилив е се е регулирано односно јасно дека Македонија ги должи овие пари.

Мојот сомнеж е во образложението што го имате дадено. Да не се повторувам со колегите кои пред мене зборуваа, три точки имаме зошто да го прифатиме овој кредит, а имаме основ зошто да не го прифатиме овој кредит.

На крајот, пред да завршам почитуван минситер би ве замолил и ј ас од мое име овој Предлог на закон да го повлечете и на крај да добиеме подобар увид и ние пратениците, како што предлагаше господинот Најдовски и толку лесно да не потклекнувате на притисоците од одредени структури од Италија, односно амбасади на италијанското министерство за надворешни работи и т.н.

Значи моето јавување беше да кажам дека претходната Валда штедела, а вие сега враќате предвреме кредити. Претходната Влада не прифаќала непостоечки долгови на Македонија, а сега вие многу лесно ги прифаќате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на италијанската Република за консолидација и отплата на одредени долгови.

Пред да ве повикам на гласање би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата0.

Бидејки во салата иамме доволен број на пратеници, заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници гласале 58. Од нив 48 гласале за, 11 воздржани и против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Воп присуство на 64 пратеници, галсаа 58. Од нив 48 гласаа за, воздржани нема, против 10.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот. Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлгоот на законот гласале 61 пратеник. Од нив 50 гласале за, 10 воздржани и против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Италијанската Република за консолидација и отплата на одредени долгови.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по  Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор минситерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани пратеници, од воведувањето на концептот на данок на додадена вредност во Република Македонија данокот се пресметува односно се применува со пропорционални даночни стапки врз даночна основа на одданочениот промет на добра и услуги според општа даночна стапка која изнесува  во моментот 18% и повластена даночна стапка од 5%.

Согласно со определбите на Владата на Република Македонија со овие Предлог измени се предлага примена на повластена давачка стапка од 5% за следните добра и услуги кои што во овој момент се наоѓаат во општата даночна стапка. И тоа:

-за лекови и медицински помагала;

-за машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици, компјутери и софтвер за истите;

-за термални сончеви системи и компоненти;

-превоз на лица и на нивниот придружен багаж

Со усојување на овие измени во Предлогот на законот ќе се постигне следното.

Прво,со префрлувањето од општата во повластената даночна стапка на лековите и медицинските помагала ќе се обезбеди подобрување на квалитетот на услуги, зголемување на транспарентноста и ефикасноста на здравствениот систем и подобрување на снабденоста со квалитетни и пониски цени на лековите и медицинските помагала на населението.

Со тоа едновремено истите ќе станат и подостапни за крајните консументи односно за граЃаните.

Второ, ќе се зголеми квалитетот на технологијата и информатичкото образование.

Крајниот ефект на намалувањето на данокот на додадена вредност за компјутери треба да го почувствуваат сите граѓани, а тоа е намалена цена на компјутерите, а со тоа и нивно зголемено користење од страна на граѓаните.

Со ова Република Македонија ќе направи крупен чекор во информатичката дејнсот, со што едновремено ќе обезбеди основа за подобрување на конкурентноста на економијата.

Понатаму, одлуката што ви се предложи за усвојување и измена на даночната стапка за термални сончеви системи и компоненти треба да овозможи поголемо користење на сончевата енергија како алтернативен обновлив извор на енергија, со што директно ќе се влијае на намалување на потрошувачката на електричната и на другите извори на енергија.

Ова почитувани пратеници не може да биде поактуелно од што е актуелно во моментот. Република Македонија е изложена на голем број на сончеви денови во текот на годината и има зголемени потреби за електрична енергија.

Едновремено со ова ќе се придонесе за заштита и унапредување на животната средина, бидејќи се работи за користење на огромен извор на енергија кој нема никакви негативни ефекти во нашето опкружување.

Со ова Република Македонија ќе даде свој скромен придонес во борбата против климатските промени и глобалното затоплување.

Со намалувањето на стапката на ДДВ за превозот на лица ќе се придонесе да се обезбедат пониски цени на услуги за превоз на патници и нивниот багаж од страна на субјектите кои вршат превозничка дејност. Со ова директно ќе се повлијае и на зголемена употреба на јавниот превоз, со што едновремено ќе се придонесе за заштита на животната средина.

Заради сето напред наведено почитувани пратеници ефектите што ќе се постигнат има потреба да се предлага донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност.

Владата цени дека позитивните ефекти од овие измени за намалување на даночните стапки ќе бидат далеку позначајни отколку загубата н априходи која што во моментот се надоместува со зголемената наплата на даноците, намалување на даночната евазија и намалување на сивата економија во Република Македонија. Благодарам,

**Бесим Догани:** Благодарма господине министер.

Има збор Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Накратко сакам да го соопштам мојот став во врска со овој закон.

Првото емпириско искуство што го имаме е дека намалувањето на ДДВ нужно не мора да доведе до намалување на цените во малопродажбата. Тоа искуство го имаме со претходното намалување на ДДВ, до сега цените не се намалија, отидоа како профит на трговците и за ова ќе почекаме 6-7 месеци, ќе видием како ќе оди натаму, затоа што од првиот Закон помина точно една година и видовме дека тоа не профункционира.

Второ, мислам дека Владата веќе е на ивицата на опасност да води секторска политика во бизнисот во Република Македонија преку даноците, министерот ме разбира што зборувам, затоа што ќе почне да ги алоцира инвестициите во  сектори кои заради повластени даночни стапки ќе заработуваат повисоки профити на пазарот. Нема да го елаборирам тоа, мислам дека се разбираме што зборувам.

Третото за кое најмногу станав да кажам, пред 10-15 дена ВМРО-ДПМНЕ одржа прес конференција на која потпаролот постави јавно прашање пред гласачите до мене како личност. Со оглед дека потпарол на политичка партија не е политичка функција, туку е техничка трансмисија на тоа што партијата сака да го каже, јас тоа во мене си го преведов на следново. Претседателот на таа партија Никола Груевски и премиер, секретарот, второто човек на таа партија Гордана Јанкуловска, па и минситерот за финансии кој претпоставувам дека е потпретседател, ако не е да се извинам, како трет човек во партијата преку својот портпарол, тие личности, пред се премиерот ме прашаа, јавно го прашуваме Никола Поповски зошто тој во Владата на СДСМ не го намали данокот на ДДВ.

Еве го одговорот господо од ВМРО-ДПМНЕ, бидејки јавно ме прашавте, без разлика вие што ќе се обидете да мислите и без разлика што ќе се обидете да искалкулирате после ова што ќе го соопштам вистината е точна и следна.

Историски, историски до сега, натаму ќе видиме што ќе биде со се ова што денеска ќе се изгласа најголемото намалување на ДДВ го направи Владата на СДСМ во 2003 година кога го намали данокот на ДДВ од 19 на 18%. Тоа е еден процентен поен, меѓутоа математички тоа е повеќе од 5,3%. Значи историски најголемото намалување на ДДВ во Македонија се случи точно во Владата на СДСМ сонамалување на општата даночна стапка. Ефектите кај стопанствениците и ефектите по Буџетот беа најголеми од ова големо намалување кое важи за сите производи и услуги во Република Македонија. А, овие помалите се само секторска политика. Ете го мојот одговор господа Груевски, Славески, Јанкуловска и другите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ. Сепак таа привилегија на поставеното прашање не значи дека сте во право. Обратно СДСМ најмногу го намали ДДВ. Благодарам.

**Весим Догани:** Благодарам господине Поповски.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседател.

Дозвоелте ми да го изнесам своето мислење по предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност. Не само сега мој пристап конодредени предлози на Владата, за кои што сметам дека се позитивни ги пдоржувам и честопати сум гласал за иако жестоко ја критикувам Владата за голем број на свои проекти. Често пати, во 99% случаи сонеколку постојано исти колеги правиме кворум за разлика од многу ваши колеги кои што денес повторно ги нема овде и ќе ни се лутите после дека ќе нема кворум. Истите тие луѓе се главните луѓе кои што ги влечат конците на политиката во Република Македонија и бизнисите во Република Македонија и стануваат пратеници само да си ги бркаат своите бизниси. Погледнете, едни исти луѓе ви ги нема, десетина луѓе. И немојте д ани се лутите нас. Но, тоа е друго прашање.

Од тие причини сакам да кажам дека ќе го подржам ова законско решени на Валдата и секое намалување на даночните стапки, кое што е основа на либерално демократската идеологија во светот е позитивно и го пдоржуваме. Но, дозволете ми истовремено да кажам и некои свои забелешки и размислувања.

Прво,малку настрана од законот.

Ние како пратеници од Либерлано демократскат апартија имавем предложено пред една година амандмани кога се менуваше Законот за додадена вредност за намалување на даночната стапка токму на овие три работи кои што сега ги предлагате, со исклучок на превозот во јавниот сообраќак.

Господине министре, ако си ги прочитате,односно тогаш господинот Ставрески го бранеше законот,а господинот Ставрески си ги прочита стенографските белешки што одговараа на нашите амандмани, велев ќе се засрами. Тоа е првата работа.

Откако не успеавме да помине тоа со амандмани во Собранието пред ребалансот да го изгласаме во Собранието предложивме три закони, чисто за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност, кој што се поставени на седница на Собрание по мое барање. Ако и тогаш ги погледате стенографските белешки и тогаш ќе видите дека укажав на следното.

Претсеателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски и парламентарното мнозинство намерно ги ставаат како последни точки да таа седниц аникогаш не продолжи. И тоа се случи. Ги ставивте последни тие закони и таа седница претседателот на Собранието уште еднаш не ја продолжи.

Следната работа која што сакам да ја потендирам е тоа дека долго чекавме мислење од Владата по однос на овие предложени закони на пратеничката група на ЛДП**.** Владата ни достави мислење од седницата одржана на 29.08.2007 година, а предлогот пак кој сега ни го доставува е на седница на Влада од 25.08.2007 година и ние сме доблесни да ви кажеме, еве ќе го поддржиме овој закон, не е битно од кого доаѓа. Но, се покажува играта која вие ја играте, а уште повеќе, јас се надевам дека господинот министер ќе ме слушне сега барем околу ова, бидејќи тоа сепак се однесува лично на него.

Денес во своето излагање ни кажавте дека интенцијата е намалување на давачките, на даноците и кажувате тоа е позитивно.

Господине министре, мислењето кое најверојатно е пишувано од вас по однос на законите што ги предложи ЛДП, ќе повторам, вие после предлагањето на вашиот закон, вели вака: “во поглед на намалувањето на висината на даночната стапка како и тоа кои добра и услуги ќе бидат предмет на оданочување со таа намалена стапка, ќе имаме се помалку простор за некакво

менување”. Кога веќе сме определени кон пристапување на европските интеграции, ќе мораме строго да ги почитуваме определбите на тие исти интеграции. Во продолжение вели: “Европската унија преку своите директиви од областа на ДДВ, ги поддржува тенденциите на намалување, а не на зголемување на листите на добра и услуги кои се донесуваат со намалена стапка. Оваа тенденција настојува да ја следи и Република Македонија, потврдувајќи ја својата цврста определба кон евро интеграции”. Тргнувајќи од тоа Владата му предлага на Собранието на Република Македонија да не го донесе Законот за намалување на ДДВ, предложен од пратениците од пратеничката група на ЛДП. Тоа мислење го имаат сите пратеници.

Господине министер кога ја кажувавте вистината, кога го пишувавте ова мислење, или сега, или ви е битен само политичкиот маркетинг. Во прилог на тоа ќе ви посочам уште една работа.

Почитуваниот новинар, господин Бранко Геровски во весникот “Шпиц”, во неударниот дел имаше едно топ шоп на Владата, по однос на прес конференциите што три дена со ред ги држеше премиерот сликан со цела своја екипа. Што тоа ни покажува. Владата Законот го донела на седница на 25.08.2007 година и овој закон го донела со овие три предлози кои денес треба да ги усвоиме како пратеници, а премиерот секој ден држи препс конференции и вели-на денешната седница Владата одлучи да го намали ДДВ за јавниот превоз. Следниот ден премиерот повторно држи прес конференција и вели-Владата на денешната седница одлучи да го намали ДДВ за компјутери. Следниот трет ден, без дофрлување господине Николовски, зошто сте толку нестрпливи. Еве ќе ви кажам што е проблемот сега, ако сакате да знаете, дека ја лажам македонската јавност. Не држел седница секој ден и не ги носел тие закони, туку ги држел во еден ден и во договор со Институтот за демократија ја подготвувал анкетата што излезе тие денови. Што сакам да кажам со тоа? Сакам да кажам за мачкањето на очи. Јасно ли ви е сега? Ако не ви е јасно сакам да ви кажам, мачкањето на очи. Ако не ви е јасно не можам да ви објаснам, што да ви правам.

Следното прашање кое сакам овде да го продискутирам, дел зафати господинот Никола Поповски и моето, не страв, туку проблематизирање ќе биде дали ќе следува после ова намалување на цените, со намалувањето на даночната стапка. Нормално е дека тука Владата нема своја улога. Тоа е јасно и за тоа не ја обвинувам Владата, но се плашам дека, не знам каков ќе биде ефектот од ваквото намалување, од едноставна причина. Ме наведува да размислувам дека за одредени производи се очекуваше зголемување на цената и Владата реагира на ваков начин. Мислам дека од една страна тоа е добро, но мора да се преземаат мерки за оние области каде го намалуваме ДДВ, за да има конечен ефект, да се создадат услови за зголемување на конкуренцијата, затоа што дел од таму каде што се намалува ДДВ, има една монополизираност на пазарот и се плашам да не ни се случи она што ни се случи со намалувањето на ДДВ за земјоделските производи односно репро материјали. На ова уште повеќе ме наведува да размислувам, прашањето и начинот што господинот Поповски малку го начна овде, кога во 2003 година дел од овие стапки кои сега ги намалувате, тогашната Влада и тогашното парламентарно мнозинство ги зголеми, посебно за лековите. Пресметките и анализите и тогаш, на Министерството за финансии со право се засноваа на тоа, со намалувањето на општата даночна стапка од 19 на 18%, еден процентен поен или 5,36% намалување на општата даночна стапка се очекуваше. По денешната пресметка, министре, ако ја направите на последниот ребаланс што ни го предложивте, некаде околу 30 милиони евра да останат во стопанството и тие пари да значат поттикнување на стопанството и отворање на нови работни места.

Јас знам, господине потпретседателе дека господинот Влатко Ѓорчев, господинот Александар Николовски не ги интересира оваа тема, но барем нека ни овозможат нас што не интересира да дискутираме. Ве молам барем за тоа можете да обезбедите услови.

Оттука, се плашам дека истото може да се случи и сега и немој да мислат колегите дека ќе ме деконцентрираат, бидејќи темата е доста сериозна.

Она што сега повторно со овој закон, господине министре, треба да ни го објасните е следното:

Во законот, во член 2 велите дека одредбите од првиот член ќе се однесуваат односно ќе се применуваат до 31 декември 2012 година. Вие најверојатно тогаш очекувате Република Македонија да ги отпочне преговорите за членство во Европската унија. Значи очекувате 2012 година да мора да ги применувате директивите од Европската унија. Но, ќе ве запрашам следното:

Законот што го донесовме за намалување на стапката на ДДВ за земјоделски производи ќе се применува до 30 јуни 2010 година. Сега би ве молел за едно објаснување. Зошто е ваквиот пристап и зошто е ваквата разлика помеѓу двата закони што вие ги предложивте.

Исто така, конкретно, би ве молел да одговорите, дали со намалувањето на ДДВ за компјутерите, да не читам сега тука точно како е напишано, дали сега ќе влезе и проектот кој Владата го има за набавка на компјутери во училиштата. Зошто ова го поставувам? Го поставувам од причини што по правило е овој закон влегува во сила осмиот ден од донесувањето, кога ќе ги увезете тие компјутери, овој закон ќе важи да платите помал данок на ДДВ. Но, потврдувате ли сега господине министре дека го прекршивте Законот за јавни набавки. Кога зборувавме за ребалансот тоа ви го поставив како прашање и го избегнавте. Значи тогаш немавте доволно средства предвидени во Буџетот за набавка на компјутери и сега го барате начинот за да се намали вредноста и на тој

проект и да ја избегнете одговорноста за тоа дека тогаш сте го прекршиле законот.

На крајот, господинот министер рече дека е резултат на приходите и намалувањето на сивата економија и даночната евезија, ќе зборуваме кога ќе зборуваме сега за ребалансот. Јас еднаш ви реков, кога беше по последниот ребаланс. Господине министер, ви тврдам дека Македонија под раководство на оваа Влада има помали приходи 20 милиони евра по сите основи, по однос на шверцот на цигари. Но, за тоа ќе зборуваме кога ќе дојде ребалансот.

Во прилог на овој закон, како пратеници од ЛДП, сме предложиле неколку амандмани и сметам дека два амандмани заслужуваат внимание, со оглед на тоа што најверојатно во текот на утрешниот ден ќе ги разгледуваме, тоа е амандманот за отстранување на отпадот и амандманот за сточната храна.

Имајќи го предвид сериозноста на прашањето по однос на двете области кои го третираат и проблемот со сточната храна кој во Република Македонија е се поизразен и проблемот на работата на комуналните претпријатија, сметам дека тие два амандмани заслужуваат до утред добро да ги проанализирате и да бидат прифатени од ваша страна.

Уште еднаш ќе потврдам дека ќе гласам за предлогот за донесување, а зависно од усвојување на амандманите, тогаш ќе го изнесам своето мислење за самиот закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Три минути реплика за господинот Ратко Димитров.

**Ратко Димитров:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Јас ќе бидам многу краток, ќе најтојувам во трите минути да се вклопам.

Мошне добро е што се јавија луѓе односно претставници на ЛДП, членови на партијата од чии редови беше бившиот министер за финансии кој мошне “добро” ја познавал оваа материја и не доведоа до ова дереџе до кое сме дојдени сега. Значи, ако добро ме служи сеќавањето, во 2003 година, тогашниот министер од редовите на ЛДП предложи редица на производи на кои даночната ставка од 5 се зголемува на 18%, а формално и сега ни образложува колегата Најдовски дека е намалена за 5%, од 19 на 18%. Значи треба да бидеме мошне внимателни односно да памтиме што се случуваше порано и што се случува сега. Од аспект на тоа се и другите работи кои се присутни и што во овој момент покажуваат едно лицемерие на тогашното мнозинство, а сега како да се загрижени за она што се случува со ДДВ во државата.

Се зборува за предлогот кој е даден од нив, мислам дека беше пред 9 месеци беше предложен данокот за намалување на ДДВ и добро е што тогаш Владата се произнела така да биде, и не е ништо лошо сега Владата да се произнесе дека тој предлог се прифаќа. Значи Владата ги разгледува сите предлози, без разлика од која страна доаѓаат, дали се од страна на опозицијата, дали се од страна на некои други институции, прави анализи по истите и после тоа врз база на тие анализи се даваат предлози.

Би сакал да кажам и во однос на тоа што пратеникот Најдовски го рече дека нема да има никаков ефект врз крајните цени на производите кои се предмет. И вие го рековте и претходниот говорник го рече тоа. Мислам дека со тоа се овозможува конкуренцијата да дојде до потполн израз и на оние кои манипулираат со цените односно ги злоупотребуваат овие работи, сега треба да им се стави крај.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димитровски.

Една минута контра реплика има господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Сосема е кратко времето да можам да одговорам.

Прво на господинот Димитровски не можам ништо да му помогнам по однос на наговите лични анимузитети и проблеми кои си ги имал со господин Гошев и да не ги префрлува на мене.

Второ, се уште, со податоци и со бројки, прашајте го министерот, намалувањето од 19 на 18% или 5,3%, еден процентен поен е двојно поголемо во вредност отколку сегашните намалувања. Тоа е втората работа.

Третата работа што сакам да ви ја кажам господине Димитровски, па на крајот на краиштата за тоа можеби и ги изгубивме изборите, ама помина година и нешто, ве молам престанете со тоа. Јас имам доблест да кажам и она што е добро да го поддржам. За сега сакам да зборувам, бидејќи ако зборувам за минатото и за вас и за многу други можам многу нешта да кажам. Јас не се откажувам од Гошев, како сите вие овде 50 души што се откажавте од Георгиевски. Сега по две или три години ќе се откажете од Никола Груевски, тоа ви го тврдам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Три минути реплика има господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседателе, гледам колегата Најдовски стана жесток во последниот дел од контра репликата, па излегов од таму случајно нешто да не ми се случи мене.

Господине Најдовски, вие во делот на намалувањето на ДДВ од 19 на 18% кажувате прецизно, меѓутоа, да ве потсетам во член 30 од Законот за ДДВ до 2003 година имаше 20-тина точки со повлалстена даночна стапка. Верувам вас не треба да ви објаснувам зошто одредени стоки и услуги се ставаат како повластени. Меѓу другото, тогаш беа и ставовите и сите овие амандмани што вие цела година ги приложувате до Собранието. Меѓутоа, што направивте? Министерот кој беше лидер на вашата партија Петар Гошев поддржан од мнозинството во кое и вие бевте, јас не знам лично вие како сте гласале,

меѓутоа мнозинството беше составено и од вашата партија, ги намаливте само за 3-4 стоки. Сега во моментот се 8, благодарение на измената која ја направивме на една од првите седници. Што значи тоа, за да не ја замајувате јавноста. Во практична смисла, само оној дел што вие го кажавте е така, меѓутоа не кажувате каде е разликата од 5 до 18% на производите и услугите кои до 2003 година се оданочуваа како повластена ставка, каде е таа разлика. Значи вие практично префрливте од шупло во празно. Земете ги бројките, тука е министерот, веројатно многу подобри ги познава работите и од мене и од вас, земете ги бројките и ќе видите дека вие направивте само префрлање од шупло во празно во 2003 година, меѓутоа каде направивте најголема штета. Повластени услуги и стоки се однесуваат за стратешки производи и услуги кои имаат значење за населението во масовен обем, кои најдиректно се засегнати. Го зголемивте данокот од 5% на 18% на лекови, медицински помагала. Тука нема дискусија. Сега го намалуваме данокот на лекови и медицинско помагала, како што ви кажавме кога ја носевме Програмата за Владата, дека ќе го направиме тоа. Вие поставивте прашање тогаш до господинот премиер и господинот премиер ви кажа дека ќе го направиме тоа и го правиме. Со овој закон кој сега го предложи Владата ние остваруваме ветувања во делот на лековите, претходно во делот на земјоделската механизација и другите репроматеријали, меѓутоа правиме и работи кои не сме ги ветиле во изборната кампања, правиме повеќе за граѓаните од тоа што сме го ветиле.

Сетете се во таа една програма со толкава слика од Бранко Црвенковски во 2002 година, што вие им ветувавте на граѓаните на Република Македонија. Затоа, ве молам, јас ја ценам поддршката, го ценам рационалното размислување кое го пласирате во одредени моменти во Собранието и длабоко го почитувам.

Меѓутоа, кога правите компарации,немојте секогаш политички, немојте секогаш партиски да настапувате. Ако настапувате така ќе ги употребам вашите зборови, рејтингот ќе ви остане на ниво на еден пратеник наместо на пет сега. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димовски.

Контра реплика има господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине Димовски, само по однос на првата реченица дека сум се разжестил и затоа сте отишле на говорница. Вие ме познавате доволно, но ако ме налутите имам 115 кила, е сега тоа е друго. (Пратеникот се смее).

По однос на самото прашање, што сакате да ви кажам. По стоти пат, ако сметате со бројки вкупно намалување во Буџетот од 19 на 18 вредносно е двојно поголемо од зголемувањето. Но, очигледно тоа не даде резултати. Очигледно дека не даде резултати онакви какви што очекувавме ние. Тоа е првата работа.

Втората работа, како што реков, да причекаме да видиме. Го поддржувам овој закон, но да не биде исто како што со Законот за земјоделските репроматеријали. Ќе го видиме тоа. Пред време да не носиме заклучоци. Кога се зборува за економијата зборуваме со бројки за економија, а не како вие политички, сте остварувале, не сте остварувале, има време ќе видиме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Господинот Александар Николовси исто така има реплика, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас не планирав да му реплицирам на колегата, но два пати ме спомна и дополнително кажа некои работи кои се апсурдни и заради тоа би сакал да позборувам.

Прво, исто како што кажаа претходните колеги добро е што ќе го поддржи законот и сметам дека со тоа кажува дека Владата одработила работа која е добра.

Но, би сакал да опонирам со две работи.

Прво, не може да се тврди дека е лошо намалувањето на даноци особено не може тоа да го тврди либералдемократ, тој самиот го кажа тоа заради тоа што една од идеите на либералната демократија е држава која што зафаќа што помалку односно држава која што помалку се меша не само во бизнисот, туку и во другите делови од животот.

Ние сега намалуваме ДДВ на лекови, на компјутери односно софтвери и тн., на соларни системи, на јавен превоз, тоа се овие четири гранки слободно преведени и тоа се, заедно со земјоделските производи, она што го намаливме како прва одлука на Владата, петте групи на производи кои во 2004 година беа зголемени од 5 на 18% тогаш на сметка на она што сакаше Никола Поповски да го претстави како најголемо намалување на даноците од 19 на 18%, што е апсолутна глупост.

Она со што сакам да опонирам со колегата е тоа што него најмногу му попречило тоа што премиерот, замислете, премиер на држава излегол да каже дека се намалуваат даноците. Па, што треба да прави премиерот? Да седи дома или да излезе на прес конференција и да каже дека е лошо што се намалуваат даноците. Значи, премиерот на Република Македонија се дрзнал заедно со цела негова Влада да излезе на прес конференција и замислете, да соопшти дека даноците се намалуваат. Апсолутна глупост. Дајте да го осудиме човекот, интерпелација, Владата да падне, човекот излегува на прес конференции и кажува дека се намалуваат даноци и уште повеќе втор грев што го направил не кажал за сите работи во еден ден, туку ги кажувал ден по ден и со тоа ги лажел граѓаните.

Знаете каде е тука злочинот? Злочинот е во тоа што има резултати во тоа што се работи. Вие постојано зборувате дека оваа Влада и ова

мнозинство премногу време посветуваат на јавноста. И тоа е така заради тоа што ние сакаме да бидеме транспарентни, граѓаните да знаат што работиме, на кој начин го работиме тоа и зошто го работиме.

Но, она што е најбитно во односите со јавноста односно во ПИЈАР-от како што модерно се нарекува дека не можете да продадете производ кој го немате, уште овеќе не можете да продадете производ до колку е лош. Ако рекламирате лош производ му правите уште полоша реклама и правите да има контра ефект. Така што влада која нема резултати, уште 10 секунди, влада која нема резултати не може да ги продаде своите резултати, а обратно, оваа Влада има резултати и затоа тие резултати ги пласира во јавноста за граѓаните и од Конче, Радовиш, Струмица, Штип, Охрид, Велес, Битола, Скопје, Чашка да знаат за што гласале. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Контра реплика има господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе дозволете му, бидејќи му дозволивте половина минута, уште пет минути нека зборува.

Зошто јас интервенирав кога дискутирав по однос на господинот Николовски. Очигледно е дека не ме слушал. Во тоа е прашањето. Господине Николовски прочитајте ја првата реченица што ја искажав, реков дека секое намалување е позитивно, не реков дека е негативно.

Втора работа чисто ви укажав околу пресовите на премиерот по однос на ова. Ги донеле на една седница, така ни пишува, а секој ден кажуваше дека одржувал седница. Владата секој ден носела посебна одлука, во тоа ви кажувам дека лаже. А, околу транспарентноста, јас верувам дека е транспарентна оваа Влада еве, транспарентна е за ЕЛЕМ за 500 илјади евра кои самиот Надзорен одбор кажа, транспарентна е за плацевите кои сега се актуелни, транспарентна беше и тогаш за ОКТА, па сега сите се криjат, ќе има време, ќе видиме, но не е моментот сега за тоа. Дајте да зборуваме за законот кој се однесува на ДДВ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи е крајот на работното време ќе ми дозволите од мое и ваше име на граѓаните на Република Македонија од исламска вероисповест да им го честитам утрешниот почеток на Рамазанските пости.

Тука ја заклучувам работата на денешната седница.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со истата Шесет и девета седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,59 часот)